**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Првото продолжение на Шеесет и осмата седница**
**одржана на 22 февруари 2001 година**

Седницата се одржа во зградата на Собранието на Република Македонија (сала број 1) со почеток во 11,40 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по 68-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Радомир Карангелески и Чедо Петров ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

На седницата присуствуваат 61 пратеник.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со претрес по Информацијата за констатациите и сознанијата на Комисијата за надзор над работата на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање во врска со масовното прислушкување на разговори на носители на јавни функции, новинари и граѓани на Република Македонија од страна на државни органи. Ќе работиме по списокот што ни е доставен од Службата за електронско гласање и следење на седницата, а потоа кога ќе се исцрпи оваа листа ќе минеме на ново пријавените.

За збор се јави господинот Насер Зибери.

Насер Зибери не е тука.

За збор се јави г-дин Крале Спанчевски.

**КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувана министерке, дами и господа пратеници, на почетокот морам да истакнам дека сепак сум убеден, тоа е мое лично размислување дека испровоцирани, мислам оваа седница е испровоцирана од членовите на СДСМ предводени од нивниот лидер Бранко Црвенковски е само губење на време, пари и средства на граѓаните на Република Македонија. Имено, по барање на Социјалдемократскиот сојуз и на партијата ВМРО-ВМРО требаше Комисијата за надзор над работата на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање во врска со масовното прислушкување на разговорите на носители на јавни функции, новинари и граѓани на Република Македонија, од страна на државни органи имаме ситуација во која г-динот Бранко Црвенковски добил материјали со кои во писмена форма, сигурно снимани и говорно и со тоа се тврди дека е вршено прислушкување. Тоа е точно, јас ве убедувам дека можам денес, одредете ги кои стотина политичари ќе ги прислушкувам и ќе ви ги дадам истите материјали кои ги има господинот Црвенковски. Но, што со тоа? Што докажува тоа? Имаше овде и судска разврска, судски предмет, а немаше епилог. Значи јас незнам што сега, и во кое својство ние сега ќе разговараме и ќе расправаме. Од сето она што беше искажано од работата на Комисијата и единствената забелешка беше дека се констатира дека во единствен предмет под псевдоним "железничар", кој е воден под некој евидентен број 1207 издаден од поранешниот министер Павле Трајанов итн., значи, тоа е нешто кое не кореспондира со наодите, односно со репродукциите на ВМРО, односно снимките кои ги имал СДСМ, односно господинот Бранко Црвенковски.

Сега јас се запрашувам, кој е Бранко Црвенковски и што претставува тој, дали тој е старател на цела Македонија, е татко на Македонија и овој што ги направил снимките и баш ќе му ги дал на Бранко Црвенковски? На крај памет. Па може би и мене, има многу институции во Европа и во Светот, и има многу други каде што можел да се обрати со тие снимки. Но, зошто баш кај Бранко Црвенковски, можел кај Тито Петковски, кај Никола Поповски, кај Бузлевски и незнам било кој. Но, токму кај Бранко Црвенковски, значи кај носителот на аферата, нели? Во ред. Овде се споменуваше и телеком, немате добиено информација од телеком. Па незнам каква информација сакате да добиете од телекомот. Во телекомот јас таму работам малку повеќе од 17 години, има многу чесни луѓе со морал и етика како што е кај лекарите, кај правниците, кај судиите итн. Можеби не многу, ама повеќе од 90% од објектите во Македонија директно во процесот на пуштање во работа, односно вршење на техничките приеми и досега немам забележано ниту констатирано дека некаде во телекомот постои некаква опрема, за прислушкување. Тоа е далеку од разумот

телекомот да има опрема за прислушкување. Сега јас не сум овластен да го застапувам овде телекомот, јас само можам чисто заради информација, заради граѓаните да кажам. На секое работно место операторско имаме еден извршител кој може по потреба да ја допирне секоја точка од телекомуникациските уреди. Залудно ќе ви објаснувам и на вас и на пошироката граѓанска, на пошироките граѓански маси, значи софтверски се доаѓа до тие точки, но заради испитување. Никој не би си дозволил такво нешто барем од тие луѓе кои работат на тие операторски места. Сега има нешто друго. Верувам дека овие кои му ги дале материјалите на господинот Бранко Црвенковски се од оние што работат во подземјето, тоа се кртовите. Ги знаете кои се тие кртови од претходните системи, патриотите од ДБК всушност, поранешна УДБА, е па тие работат во земјата. Токму во земјата се наоѓаат едни така наречени меѓуразделници каде до ден денеска контролирајќи ја г-динот Црвенковски со неговите структури и телекомот и сите институции ги вршел токму во тие меѓуразделници прислушкувањата. Мислам да го знае тоа јавноста. Навреме работејќи по законите на ЗЈПТТ се правени системи меѓуразделници, дупли трошоци, ненормални трошоци во телекомот, зошто? Со единствена цел таму ги поставуваат опремите за прислушкување и таму се врши прислушкување каде што сум јас од 1996 до 1999 година прислушкуван од луѓето блиски до Бранко Црвенковски и до партијата на СДСМ. Да, прислушкувавте токму во тие разделници, вие прислушкувавте по ваши налози, ама тоа се луѓе блиски до вас.

Постои Народна техника, мислам тоа сигурно го знаете и вие. Во Народна техника, луѓето радио аматерите поседуваат опрема ИЦМ 7 31 која работи на исти фрекфенции на кои работат и нашите мобилни. Бев на демонстрација како лесно се прислушкуваат мобилните, па имаше и реновирање во Владата итн. Значи, за еден краток рок можам да ви направам исто толкава документација, уште поголема и поверодостојна од тоа што го имаат вие. Но, како и да е, почитувани пратеници, лидерот на СДСМ Бранко Црвенковски веќе втор месец ја држи јавноста во неизвесност, недоумица и шокираност околу аферата прислушкување. Барем според јавните сознанија досега ниту на суд, ниту на друго место тој не понудил никакви цврсти докази за вмешаност во аферата на оние што ги обвини, министерката за внатрешни работи и началниците на Петтата управа на МВР, ниту пак посочи сведоци што ќе ги потврдат наводите дека наредбодавците на прислушкувањето се највисоките претставници на власта, освен скандалозното објавување на стенограмите од прислушкувањето во јавноста Црвенковски единствено е дециден во тврдењето дека зад него стои некаков си анонимен извор кој наводно му доставува нови и нови материјали за прислушкувањето, кои тој дозирано ги пласира во јавноста. Постојат некои нелогичности во целиот настап на Црвенковски околу аферата прислушкување, почитувани пратеници кои се многу индикативни.

На првата ПРЕСС конференција тој велеше дека прикажал само 10% од стенограмите, а потоа пред судот изјави дека нема ништо од останатите 90% за на крајот да излезе со некои нови стенограми и со нови имиња на прислушкуваните. Но, што би можело да значи ова чудно однесување на г-динот Црвенковски? Постојат две можности за тоа.

Прво, е дека Црвенковски заедно со конструкторите на аферата намерно манипулира со јавноста и со граѓаните за да држи што подолго политичка тензија околу прислушкувањето. Според оваа варијанта тој свесно според однапред подготвено сценарио ја лаже јавноста дека располага, или нерасполага со помалку, или повеќе стенограми, раскажувајќи барајќи за анонимен извор за кој и тој наводно не знае ништо, а во суштина ја држи под контрола целата афера, знае кој стои зад неа, сигурен е како материјалите стигнале до него. Ако ситуацијата е таква и ако лидерот на СДСМ сака навистина да има правна разврска на аферата, тогаш во тој случај навистина да ги има доказите за прислушкувањето, лентите фотодокументите, компјутерските дискети, компакт дисковите, сведоци и ако може да го докаже сторителот и наредбодавецот, сигурно најмногу политички поени ќе добие доколку пред судот кај судиката Босотова ќе ги изнесе сите овие детали. Во спротивно со право се поставува прашањето со кого се игра Бранко Црвенковски, со јавноста, со граѓаните, со судството, со правната држава, со демократијата, со човековите права Ако е така, тогаш во аферата прислушкување сите стануваме заложници на неговата политичка налудничава идеја да се врати на власт по нелегален пат со скандалозни вознемирувања на целата јавност, со пробирање на безбедносниот систем на

Република Македонија. Мислам дека е време Бранко да се најде зад решетки.

Втората, варијанта е дека тој навистина не ја контролира ситуацијата, дека е само нечиј избран извршител, дека некој манипулира со него и со целата македонска јавност, дозирајќи ги материјалите според сопствените потреби, или според потребите на конструкторите на оваа афера. Ако се работи за тоа, тогаш опасноста за демократијата, но и за безбедносните аспекти на нашиот систем е уште поголема. Воопшто не е тешко во таков случај да се претпостави дека тој некој што не манипулира сите нас, е всушност безбедносно разузнувачко подземје. Познато е почитувани пратеници колку нервоза постои кај истото тоа подземје чија папочна врска се милошеќевите разузнувачки ајкули кое никогаш не била прекината. По падот на белградскиот џелат целата таа разузнавачка мафијашка бубамента и нејзините инсталации во Македонија е се понестрпливи. Зошто ја губи моќта и не може да ги контролира црните бизниси на релација Република Македонија - СР Југославија. Од причини што во Белград им се сечат врските и драстично им се стеснува просторот за игра. Паниката од тој политички пораз најмногу се чувствува токму во Македонија. Никој од нас не е недоветен за да не забележи дека пред телевизиските екрани во врска со аферата прислушкување парадирање контраверзниот господин Слободан Богоевски, поранешен потсекретар за државна безбедност. Неговото име во печатот се врзува со големи политички афери од конструктор за идејата за таканареченото ново парламентарно мнозинство смислена за почистичко рушење на легално избраната власт преку таинствен соработник на српските разузнувачки служби и прв пријател на Милошевиќ, најверен разузнувач на Јовица Станишевиќ па се до главниот БОС на мафијашите бизниси. во северниот сосед и шверцот за нафта и цигари. Ако такви полициско разузнувачки структури стојат зад Црвенковски, тогаш почитувани пратеници не и се пишува добро на Македонија. Опозицијата и нејзиниот лидер наводно плашејќи се за безбедноста на сведоците бараат амнестија за нив за да можеле да сведочат. Дури и да има политичка волја претседателот на државата да даде таква амнестија на невидено иако тоа не го предвидува Уставот очигледно повторно се појавува проблем. Токму еден од лидерите на опозицијата професорот Ѓорѓе Марјановиќ, стручњак по кривично право вели дека амнестијата што би ја дал претседателот не им гарантира никаква безбедност на сведоците зошто во Македонија не постои програма за нивна заштита како што има во Соединетите Американски Држави.

Поточно, во Америка познато е, постои програма за заштита на сведоци на кои им се менува идентитетот па дури ако е по потреба и личниот опис при што се засолнуваат да живеат на другиот крај од земјата и се гарантира работа и примања на животот. Значи, очигледно е дека целата фарса околу прислушкувањето е само политичка. Црвенковски знае дека не може да има судска разврска, зошто прислушкувањето не може никако да го докаже.

Како ќе сведочат сведоците ако не се заштитени. Тоа може и да го искористи за повторно да го обвини ненародниот режим дека не сака да донесе нов закон или програма за заштита на сведоците. Дури, и да се случат евентуални сведоци да прифатат да сведочат каква ќе биде тежината на нивниот збор. Кого ќе обвинат тие. Ако прислушкувањето било извршено со усни наредби, како што тврди Црвенковски, тогаш доказите се само зборови. Дали нешто може да се докаже со збор против зборот на другиот, нема потреба од посебна елаборација. Во целата оваа "ршумонијада не е исклучено да добиеме и лажни подплатени сведоци кои поради поддршка на екстремните и налудничави планови на опозицијата и политичката егзекуција на Владата со недемократски методи како што е разузнавачко политичкиот заговор кој е во тек или пак за пари ќе излезат во јавноста и во наводници ќе го насочат наредбодавецот на прислушкувањето. Ајде да го видиме и тоа чудо. Загрижена единствено од политичка димензија на аферата опозицијата еве дочека министерот за внатрешни работи да поднесе оставка. Тоа се случи но таа не е повторно задоволна и бара оставка од премиерот на Владата. Зошто? Успеа ли таа да докаже дека снимените телефонски разговори се политички мотивирани дури и тоа тврдење на Црвенковски почитувани пратеници може да се доведе во прашање. Како што наводниот извор на Црвенковски селектирано и во континуитет ги доставува материјалите од прислушкувањето во јавноста и пред суд нели може да се случи еден ден да останат и стенограмите од прислушкувањето и на министерката за внатрешни работи. Или можеби тие

стенограми изворот на Црвенковски ги крие. Кој може да тврди дека меѓу материјалите што не и се понудени на јавноста нема прислушкувани разговори на функционери на власта. Ова особено е значајно ако се има предвид фактот кој располага со опрема за прислушкување. Од увидот на парламентарната комисија произлезе дека во официјалните институции единствено МВР располага со таква опрема, но не може да утврди дали од таму е вршење прислушкување. Многу телекомуникациски стручњаци во медиумите и во јавноста тврдат дека е можно прислушкување, може да се врши од паралелен систем, може да биде од зад граница, може да биде и од други странски разузнувачки служби. Но, да не ја разводнуваме аферата за да господинот Ѕинго да не не обвини дека не преслушкуваат марсовци. Меѓутоа, како што нема докази дека не прислушкуваат вонземјани, така нема и докази дека сме биле прислушкувани по наредба на власта.

Почитувани пратеници, најголемата загуба за Македонија и за демократијата во нашата држава во текот на оваа афера е пробивањето на безбедносниот систем во државата со изнесувањето на најразлични материјали во јавноста како и со конструкцијата на најразлични афери само се покажува дека еден добар дел од разузнувачките структури во дирекцијата за безбедност и контраразузнување во МВР, во Агенцијата за разузнување на Република Македонија и во Секторот за безбедност и разузнавање на МВР наместо да и биде лојален на државата на институциите на системот конспиративно, а сега веќе и отворено се става на страна на опозицијата на СДСМ. Тие и такви структури инсталирани од време на долгогодишното владеење на нашите претходници никогаш не биле демонтиран и покрај тоа што опозицијата ја обвинуваше власта за партизација на МВР. Факт е дека партизација во МВР и во другите безбедносни органи на државата постои. Но, тоа е партизација од времето на СДСМ. ВРМО -ДПМНЕ никогаш не направи чистка на тие структури зошто немаше ништо против тоа што се поставени во времето на СДСМ, туку наивно верувајќи дека станува збор за професионалци кои го штитат интересот на државата, сепак се плашам дека во случајот станува збор за партиски војници на Социјалдемократскиот сојуз кои работат по налог на Бранко Црвенковски за експресно на противзаконски начин со класичен разузнувачко полициски преврат да го устоличат на власт. Во име на македонските граѓани што ги претставувам се надевам дека таква со подземна политичка револуција во интерес на заштита на уставниот поредок, демократија и човекови права нема да ви успее.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Една процедурална интервенција има г-динот Љубисав Иванов.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Да, спомнат бев, реплика.

Господине претседателе претходниот говорник рече дека некого сум обвинил за прислушкувањето на земјата, на земјината топка. Јас навистина ги обвинив овие марсовците, ама не се достапни за одговорност и обвинувањето и спрема нив го повлекувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Михајло Георгиевски.

**МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа, Подолго време јавноста ја разбранува аферата околу прислушувањето. Еве и јас собрав сили да го кажам моето мислење како скромен прилог кон целата оваа работа.

Во почетокот, дами и г-да, би сакал во кратки црти да се задржам околу демократијата и кршењето на демократијата во светот и кај нас. Познато е дека демократијата е највозвишеното човечко достоинство и благодет што човечкиот род треба да го ползува. Но, дали тој благодет и достоинство се ползува во доволна мера во светот и кај нас? На ова прашање, за жал, одговорот е негативен. На многу места во светот на човечкиот род му се повредуваат човечките права со ограничување или одземање на демократските права. Тоа се земјите во кои што, сеуште, владее колонијализмот, земјите во кои што има остатоци од колонијализмот и земји со комунистички остатоци и со комунистичко владеење.

Кај нас, со чувство на срамење можам да кажам дека нарушувањето на демократските процеси е резултат на недемократското комунистичко и посткомунистичко владеење што во континуитет од 1945 год, па се до неговото паѓање 1998 год, највулгарно му ги одзема на граѓаните основните права и достоинства.

Почитувани дами и господа, прислушувањето, предмет на нашата расправа, е една од формите на рушење на демократијата. Со прислушувањето се создава неспокој и чувство на разголен и загрозен човек. Овде е битно да се одговори на прашањето, кој кого, кога и зошто го

прислушувал? За да се одговори на ова прашање треба да се повратиме малку назад во нашето блиско минато.

Во 1945 год, со создавањето на Југословенската федерација во чии рамки влегува и Македонија, имало голем број македонци кои не се согласувале со тоа и барале независна македонска држава под протекторат на Америка, инаку окарактеризирани како ВМРО-вци. Тие луѓе во тоа време немале телефони, па доушниците тоа го правеле со прислушување под стреите зад оџаците и сл. Кој кого и зошто прислушувал во тоа време е кристално јасно комунистичката југословенска власт за да се спречи формираше независна македонска држава.

Во 1948 год, во времето на Информбирото македонскиот народ многу пострада од прислушкувачите. Кој беше прислушкувач и зошто прислушкувале? Кој друг ако не комунистичкиот југословенски режим, да не случајно Македонија се оддели и отиде со Русија.

Во времето на колективизацијата кој кого и зошто прислушувал? И тогаш македонскиот народ многу пострада од прислушувачите и кодошите. Мислам дека не треба да се има многу ум да се погоди кој кого и зошто прислушувал и ги одземал најосновните човечки права.

Така, во текот на целите 50 годишен комунистичко - југословенски период на владеење, окарактеризиран како недемократско едноумие, постојано гордиот граѓанин во Македонија е прислушуван, кодошен и малтретиран од комунистичко - пројугословенските власти во Македонија. Прислушувани се сите граѓани кои мислеле со своја глава и пројавувале желба за некаква демократска промена во својата земја. Од масовните долгогодишни прислушувања и кодошења создадени се огромни и многубројни досиеја на невини граѓани што оваа Влада ги отвори и им ги даде на увид.

По осамостојувањето на РМ во 90-те години, по кусо владеење на Експертската Влада, на власт се зацврстија наследниците на комунистичко -пројугословенскиот режим во Македонија трансформиран во СДС со своите сателити како што се СК-движење на Југославија, Социјалистичка партија и слични на неа и продолжи скоро во иста форма да практицира власт, како што беше од пред осамостојувањето на РМ. На таквото нивно владеење се спротивстави граѓаните кои поинаку мислеа од нив и кои, воглавном се собраа во партијата ВМРО-ДПМНЕ, предводена од лидерот Љубчо Георгиевски, што го продолжи континуитетот на историското ВМРО на Гоце, Даме и на плејада борци и идеолози за независна и суверена Македонска држава со демократски принципи и начела.

На кого му пречеа овие граѓани собрани во редовите на ВМРО-ДПМНЕ, не е тешко да се погоди. Тоа се структурите на режимот на СДС предводени од нивниот лидер Бранко Црвенковски. Затоа беа прислушувани, кодошени и на истите се отворени дебели досиеја што, еве сега се отворени и се гледаат. А, од тоа време датира и прислушувачката афера во кафеаната "Сина Птица", "Дувло" и ред други.

Зошто сето тоа го правеше режимот на СДС? Тоа е кристално јасно. Вечно да владее. Но, нема ништо вечно. Само Бог е вечен. И, така, 1998 год, на демократските избори падна недемократското владеење на СДС и неговите сателити. Граѓаните на РМ конечно здивнаа од апсолутистичкото владеење на СДС и тргнаа кон реализирање на реформите преку кои ќе се дојде до Европска интеграција и НАТО структурите за подобар живот на граѓаните на Македонија.

Се потпиша Декларација за стабилизација и асоцијација со ЕУ. Се донесоа фундаментални закони како предуслов за демократско и правно живеење во Македонија и работите тргнаа на добро.

На кого сега тоа му пречеше? Не е тешко да се одговори. На СДС и неговите сателити, па почнаа да измислуваат и конструираат разни афери, па меѓу другото и оваа афера околу прислушувањето.

Дами и господо, ја прочитав Информацијата од Комисијата за надзор и морам да кажам дека Комисијата, според мое мислење својата работа си ја извршила доста коректно. За мене сега останува отворено прашањето кој прислушувал, по чија наредба и зошто се прислушувало? На ова прашање, почитувани дами и г-да дозволете ми да го кажам моето мислење.

Јас, како научник до сега во моите научни трудови гиползував прво фактите, а потоа логиката и никој до сега не ме оспорил. Всушност, тоа е основ на науката: факти, документи и логика. Во овој случај факт е дека имало прислушување. Но не се знае кој и зошто прислушувал. За ова немаме докази. Затоа ќе морам да направам логична претпоставка.

Обелоденувачот на оваа афера, СДС, предводена од нејзиниот лидер Бранко Црвенковски директно го припиша ова дело

на МВР предводено од министерката Доста Димовска и Владата на РМ предводена од премиерот Љубчо Георгиевски. Овде е јасна целта да се компромитира ВМРО и Владата на РМ. Тоа е цел и преголема желба на СДС и Бранко Црвенковски Но, за тоа нема доказ и факти. Останува само пустата преголема желба да се дофати повторно за власта.

Според логиката, зошто МВР, поточно министерката Доста Димовска не би спровела прислушување на новинари, пратеници или носители на јавни функции и разни други граѓани:

Прво, поради тоа што нема потреба да прислушува новинари и други граѓани, бидејќи новинарите имаат опозициони медиуми па можат да кажат се што сакаат и кога сакаат. А, пак, носителите на јавни функции, како пратеници и др. можат да зборуваат во јавноста и Парламентот или на други јавни собири што сакаат и кога сакаат. Всушност, тоа и го прават и во Парламентот и во медиумите.

Второ, министерката Доста Димовска и оваа Влада ги отвори досиејата на прислушкувачите и кодошите, па не е блиску до умот да се прават сега нови кога се знае дека и тие ќе бидат отворени.

И, трето, МВР и Владата на РМ имаат многу поважни работи отколку некакво јалово прислушување.

Гледаме од ден на ден како МВР открива разни шверцови со дрога, оружје и други недозволени работи. Владата, со ресорните министерства подготвува разни системски закони, реформи, се со цел подобар живот на граѓаните. Според оваа логика не е министерката Доста Димовска и Владата на РМ. Но, кој може да го направи ова безобразно прислушување и по чија наредба? Мојата логика зборува дека тоа се старите структури во МВР, по наредба на старите наредбодавци на СДС. Јасно е дека тие кои се обучени за тоа и се навикнати да прават такви дела и сега прават. Таквите наредбодавачи и извршители треба да бидат жигосани како народни непријатели.

Што се однесува до оставката на министерката Доста Димовска од функцијата министер на МВР, од нејзина страна е доблесна, но не и полезна. Таа, со својата чесност, упорност и високи човечки квалитети треба да остане и да расчисти со злобниците на својот народ, да ги открие црвите што од внатре ја јадат и рушат својата држава. Затоа и за мене нејзината оставка е неприфатлива и упатувам отворена поддршка за нејзино останување на функцијата министер за внатрешни работи, се со цел за доброто на сите нас, независно кој од која партија е. Благодарам на вниманието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине претседателе почитувани дами, дами и г-да пратеници, очигледно дека интересот полека спласнува, за разлика од вчера, бидејќи гледам на оваа страна нема ниту еден од Владата. Ниту премиер, ниту министер за внатрешни, поранешен и сегашен, ниту некој друг. Значи, оставени сме сами на себе.

Токму заради тоа, мислам дека навистина беше ова можност едно прашање, како што вчера повика премиерот, околу кое ќе треба пратениците да се обединат. Право да ви кажам вчера почувствува потреба да се јавам на почетокот на оваа расправа, бидејќи членувам во една Комисија што се бави токму со повредата на човековите права Постојаната анкетна комисија за заштита на правата и слободите на граѓаните. Сметав дека има навистина, што да се каже за она што е искуство до сега како наше сознание.

Меѓутоа, слушајќи го вчера премиерот и гледајќи расположението, особено вчерашната дебата на луѓето од парламентарното мнозинство, не да сум загрижен и исплашен, да ви кажам искрено јас сум констерниран за состојбите во Македонија и мислам дека секој граѓанин на оваа Република кој е загрижен на својата иднина и за иднината на својата држава сериозно е загрижен. Имаме аргументи безброј за тоа. Мислев дека како Собрание ќе можеме да смогнеме снаги околу еден случај што значи пар екселанс повреда на човековите права, газење, како што рече вчера еден и тоа на елементарните права, правото на приватност, правото на тајност на комуникации. Некој, меѓу сите нас овде, не правам никаква разлика, некој да гледа во нашиот живот, постојано да прислушува што се случува со нас, да го надгледува нашиот живот, да раководи со нашиот живот ќе не загрижи сите, без разлика на која политичка партија припаѓаме, независно дали сме парламентарна мнозинство или во опозиција.

Бев убеден, почитувани пратеници, дека сепак националните и државните интереси се трајна, се константни. Во една од првите вредности што треба да биде на преден план во барањето на позицијата, како претставници на граѓаните на РМ што не избрале како пратеници, затоа што

власта и менлива и минлива. Денес се едни на власт, утре се други на власт. И, ако не се спречи ова зло што се вели газење на човековите права, утре тоа ќе продолжи. Оние кои лицемерно и ден денес ѕиркаат во нашите домови преку телефоните и во нашите души, во нашите разговори, тие ќе продолжат уште пожестоко утре ако тоа не се спречи, ако тоа денес, овој Парламент, односно во текот на оваа седница барем не даде основи тоа да се расчисти. Секогаш ќе живееме во страв. Граѓаните на РМ се исплашени. Едноставно не комуницираат на начин на кој комуницирале. Бизнисмените во РМ се загрижени, затоа што знаат дека некој им ги следи нивните разговори.

Меѓутоа, најстрашно за Македонија е што се загрижени, претпоставувам и дипломатите и странците. Тие комуницираат со нас. Ако се сеќавате да ве потсетам, најприслушкуван човек е министерот за надворешни работи, покрај лидерот на ВМРО-ВМРО. Што говори тоа? Говори тоа дека ниту тие не ќе имаат повеќе доверба во Македонија. И, тој странец, кога ќе се јави однадвор кај нашиот министер, со голем степен на резерва ќе разговара со него. Ќе разговара за суштествени работи.

Со еден збор, не смееме случајот прислушување да го потцениме. Не смееме да го потцениме затоа што има разурнувачко дејство и навнатре и кон надвор. Спокојството, мирот на граѓаните дефинитивно е нарушен. Не смееме да дозволиме кредибилитетот на државата да биде доведен во прашање. Сакаме да бидеме составен дел на цивилизираниот свет а се служиме со нецивилизациски нецивилизирани методи.

Јас овде говорам од позиција на пратеник на ова Собрание. И, да ви кажам лично за мене, но и она што беше како сознание во Анкетната комисија за овие 15-тина дена, апсолутно не е важно кој го правел тоа. Кој не прислушкувал, дали некој одвнатре, дали некој однадвор, дали некој од власта, или како што беше кажано вчера од премиерот, што ни око да му трепне, дека тоа го правела опозиционата партија на чело со Бранко Црвенковски. Тоа треба да се докаже. Тоа го говори и г-ѓица Димовска во својата оставка. Таа ги лоцира дека апсолутно исто размислува со премиерот. Тоа се виде вчера во настапот на премиерот кој ги повтори зборовите на г-ѓица Димовска од образложението на оставката дека зад тоа стојат некои стари бивши структури од стариот систем, дури поврзани слуги на Милошевиќ.

Е, па, почитувани колеги да ве прашам кој е задолжен да го штити нашиот мир и спокојство во оваа држава? Ако не го правеле таму, тогаш биле должни министерката, министерството и Владата се должни нашиот мир и спокојство да го заштитат, да ги откријат кои се тие. Значи, објективна одговорност постои.

И, да се вратам на почетокот. Навистина очекувам министерката Димовска да настапи доблесно како одговорен функционер. Во образложението на својата оставка таа кажува дека е објективно одговорна. И почувствувала, можеби го слушала гласот на народот, на медиумите, на јавноста, на некои интелектуалци и поднела оставка.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:** (Продолжение)

Апсолутно совршено е јасно дека таа сама тоа не го правела и тоа го потврди вчера премиерот со својот настап во Собранието, дека е тоа добро координирано, дека е тоа договорено и се разбира со многу јак супорт, многу јака поддршка на еден друг функционер за кој подоцна ќе говорам. Меѓутоа, во овој момент за нас е најбитно дека не смееме да се однесуваме рамнодушно. Јас ве гледам вчера како упорно го браните дека тоа апсолутно не постои, дека тоа е измислена работа во главите на некои што сакаат да дојдат на власт. Ако тоа не ни се случи, онакво лицемерие вчера, бидете сигурен дека ни демократија, меѓутоа ни Македонија ќе постои. Не се доведуваат во прашање нашите места овде, утре некој друг ќе дојде, се доведува во прашање стабилноста на Република Македонија.

Затоа реков, почитувани колеги, дека будно не следат однадвор и што се случува во Македонија и тезата на г-динот Георгиевски дека некој не сака да се потпише Спогодбата за стабилизација и асоцијација, некој што не сака да се потпише вчера настапи со големо алиби. Меѓутоа, причините доколку не се потпише таа Спогодба лежат токму во премиерот Георгиевски и во неговата Влада, затоа што тие не создале амбиент по европските стандарди, не создале амбиент од причина што главниот факт на кој што меѓународниот фактор обрнува внимание при нашето интегрирање на прво место се човековите права и слободи, а во Македонија тие се газат. Може ли некој тој факт да го негира? Не е важно кој го направил тоа, пак ќе речам, наше е да утврдиме кој го направил тоа.

Сега почитувани колеги, ако навистина имате добра волја, ако имаме

подготвеност, ако имаме и чувство на сопствена одговорност како пратеници и институциите во државата бидат по функција на заштитата на човекот и неговите права и слободи, ние многу лесно ќе дојдеме до вистината. А како? Морам да ви кажам дека врз основа на разговорите што ги направивме во постојаната Анкетна комисија, многу лесно е да се лоцира основниот виновник за прислушкувањето. Ако сме сите согласни дека прислушување имаше, сите признаа кои што беа повикани, кои биле објект на прислушување признаа и ги идентификуваа содржините на своите разговори на официјално место, и тука пратеници, политичари, јавни личности, спортисти, луѓе од сферата на културата итн., значи еден широк спектар на интерес. Ако тоа не е спорно, одиме понатаму да ја лоцираме одговорноста. Може ли во оваа држава да не се знае навистина кој располага со техника, со опрема за прислушување? Првичната изјава на г-ѓица Димовска за јавноста, првата изјава откако се обелодени аферата беше дека МВР не располага со техника за прислушување, туку дека таа е лоцирана во Министерството за одбрана и во Агенцијата за разузнување. Тоа е според изјавата пренесена во медиумите за да денес констатира и Комисијата за контрола над ДБК дека Министерството сепак располага со таква опрема и дека поранешниот министер Павле Трајанов даде изјава за јавноста дека таква опрема за прислушување на статичните и мобилните телефони постои од многу одамна, пред дваесетина години постои опрема за прислушување на статичната телефонија, додека од понова дата е опремата за прислушување на мобилната телефонија и дека таа етапно, таа е купена за време додека министер за внатрешни работи беше г-динот Фрчковски, ставена е во функција, цитирам зборови на г-динот Трајанов кој што тоа го кажа на прес конференцијата, а дека за време на г-динот Чокревски дел е ставен во функција, а целосно е ставена во функција за време на бегалската криза во Република Македонија.

Според тоа, имаме информации од компетентна личност, човек кој што до скоро беше министер во Владата на г-динот Георгиевски, што значи дека треба да се верува. Ако не се верува, г-динот и јавно вчера ја замоли министерката за внатрешни работи пред македонската јавност да ги ослободи луѓето кои што се во служба на Министерството за внатрешни работи, а се на задачи кои што чуваат, односно кои се должни да чуваат службена тајна, да ги ослободи од одговорноста за да можат отворено да кажат, меѓу кои и тој и други што работат во Министерството за внатрешни работи, за да слушнеме вечерта од премиерот дека такво нешто не доаѓа предвид, дури зарем ќе го прогласиме, беа зборовите на премиерот овде, за херој тој што ги дал информациите, тој што ги дал разговорите. Наместо како што е редот во цивилизираните земји од највисокото место во државата се дава гаранција или аболиција, како што велат правниците, за ослободување од кривично гонење за луѓето што ќе дадат релевантни информации за откривање на некое кривично дело или скандали од поширoки размери. Наместо тоа да се даде, се заканува, демек како ние централна фигура, уште национален херој, зарем навистина не е тој патриот национален херој кој што дава податоци дека граѓаните на Република Македонија биле прислушувани. И сега атакот, и видете што се случува вчера, излегува во продолжение, портпаролот на Владата кажува дека нема одговорност на министерката за внатрешни работи, едногласна е Владата во тоа и дека ќе се прават реформи. Па кој пречеше на оваа Влада и овие последни две години да прави реформи?

А реформите, од она што го кажа портпаролот и она што го изнесе вчера премиерот значат до крај да се исчисти Министерството за внатрешни работи од секој што бил вработен до 1998 година, затоа што тие се проблемот, тие ги издаваат државните тајни, тие и даваат на опозицијата и на новинарите податоци кој не смеат да ги даваат, наместо да се гони оној што прави кривично дело, што ги крши и гази човековите права, сега во фокусот е човекот што ги дал тие податоци. И сега реформа ќе прави, по наредба се разбира, многу добра беше сугестијата на г-динот Џафери дека не е виновна министерката туку тие структури и таму нема реформи, и г-динот Георгиевски како добро ученичe вчера кажа да, ние таму ќе правиме реформи. А реформите значат тоа, да не остане камен ка камен што било досега до 1998 година од луѓе вработени во Министерството за внатрешни работи и во сите други безбедносни структури, затоа што тие направија проблем на граѓаните и тие направија проблем на Владата со самиот факт што ја обелоденија аферата и му ги дале на Бранко Црвенковски разговорите, стенограмите. Тоа ли е најважно. Почитувани колеги? Ќе се промени власта, утре некој други ќе бидат во овие клупи и

на ваше место. Треба ли такво зло во Македонија да продолжи? Немаме ли морална обврска и политичка обврска пред граѓаните на РМ и со сопствена совест да проектираме решенија.

Јас сакам пред вас и отворено да кажам. На Македонија навистина, кога реков на почетокот во прашање е Македонија, на Македонија и престојат многу драматични денови. Не тргнувам од фактот што се случува денес во Македонија. Ако не ја обелодениме оваа афера, ако виновниците не бидат изведени на суд, бидете сигурни нема демократија во Македонија, Македонија ќе влезе во диктатура. Затоа што во Македонија, најодговорно тврдам се формира тајна држава. А знаете ли тоа што значи? Тајна држава се формира заради тоа што оној што командува со парите, со финансиите, што ја има полицијата на располагање и медиумите, ќе раководи, меѓутоа, тајно ќе раководи со народот и со нивните судбини. А денес тоа се проектира во Република Македонија. Ние ги имаме Министерството за финансии со јасна проекција, ја имаме полицијата која што еве сега овие денови како што доби вчера г-динот Бедредин Ибраими задача да ги спроведат реформите, реформи ќе направат за два месеци. Јасно им е на сите граѓани во РМ какви реформи ќе бидат тоа. Погледнете ја и екипата што треба да ги прави тие реформи. Тоа значи дека ќе се исчисти се. Ќе се заврши приказната и со Министерството за внатрешни работи и на ред се јавните гласила како што знаете, за медиумите се подготвува свилен гајтан, заради тоа што се подготвува Закон за медиумите. Тоа е третиот столб на тајната држава, бидејќи на тој начин ќе се дисциплинираат. Видовте вчера, премиерот вчера многу добро ја лоцираше одговорноста за оваа афера, опозицијата, Бранко Црвенковски, новинарите. Инаку, државата си функционира совршено добро, безбедноста е на многу високо ниво затоа, нему му фали третиот столб, да ги замолчи новинарите, за да може Владата да дава легитимации кој може да биде новинар. Ќе биде новинар тој што е подобен, тој што е кооперативен, ќе биде лојален читајте сервилен кон власта, тој ќе добие легитимација новинар. Не може да добијат новинари што вадат секакви афери, па дури одат во Танушевци, па сликаат каква ни е границата, каква ни е состојбата со границата, тие утре не може да имаат легитимации, заради тоа што Владата ќе цени, односно ресорното министерство кој се може да добие.

На тие три темели ќе се гради македонската држава. Прашувам јавно, отворено: Дали посакувате таква перспектива на Република Македонија? Дури и наши колеги пратеници овде ги слушам и не можам навистина да поверувам, бидејќи се сега во позиција на власт кои говорат дека таков закон и е потребен на Република Македонија. А да ги прашам, да се во услови на опозиција дали така ќе размислуваат. И после другите избори незнам кој во каква улога ќе се најде, дали и тогаш тоа мислење ќе го бранат и застапуваат, да не можат ништо да артикулираат што е насочено против власта. Е тогаш, почитувани пратеници, таму не постои демократија.

Јас сакам да му порачам на премиерот, ако така мисли, можам да кажам дека тоа е власт со опасни намери за Република Македонија. Сите тие проекти на такви држави пропаднаа. Пропадна проектот на Хитлер, пропадна проектот на Туѓман, пропадна проектот на Милошевиќ, нема да успее ниту овој проект на г-динот Георгиевски, ако мисли така да ја гради Република Македонија. Денес не го споредувам г-динот, да се разбереме веднаш, да бидам јасен, не го споредувам г-динот Георгиевски со Хитлер, сакам да ви кажам проекти за тоталитарни системи пропаднаа и почнав да ви говорам од почетокот, да бидеме прецизни, со ниту еден аргумент не кажав тоа. Тој проект не смее да го дозволиме пред се ние во Република Македонија. Ако ни е на душа да градиме парламентарна демократија, цивилно општество, демократија во РМ по убедување на мнозинството, а што имаме денес во Република Македонија? Ве молам, добрите аналитичари кои се бават со наука и теорија наместо либерална, демократијата во Македонија ја нарекуваат "карикатурална". А зошто? Заради тоа што кој амбиент демократски денес го имате во Република Македонија? Која состојба? Како се гради, кои се фундаментите на таа демократија во Република Македонија? Ако се темели на овие три столба за кои пред малку говорев, а тоа се заговара. Дури, нашиот почитуван премиер вчера најенергично говореше овде, се залагаше каква држава тој замислува, дури не испокара и нас од опозицијата дека му ја растураме концепцијата и за Македонската православна црква. Искрено речено јас го поздравувам енергичниот одговор на Синодот на МПЦ, не доаѓа предвид промената на името на МПЦ.

Тоа беше едногласна Одлука на Синодот. А нашиот премиер јавно излезе и кажа пред новинарите - епа добро, знаете, мора да се тргне од прво одделение, не може вие да продолжите второ одделение, треба да се вратиме ние на Охридска архиепископија па после да добиеме МПЦ. И добар беше одговорот. И со кое право и медијатор беше, отиде во Цариград да разговара со вселенскиот патријарх за МПЦ, дури и во Белград отиде со поглаварот на српската православна црква да разговара. Ве молам, тој нема таков мандат. Има мандат Синодот на МПЦ, тој е претседател на Владата на РМ. Црквата е одвоена од државата и треба да почитуваме автономија.

Сакам да ви кажам за проекцијата на државата Република Македонија од страна на нашиот премиер. Почитувани пратеници, сакам да ви кажам и следното. Ако ние овде не постигнеме согласност и единство околу националните и државните интереси, некој тоа ќе ни го наметне, бидете сигурни, меѓутоа, ќе го наметне спротивно на нашата волја.

Затоа, по ова прашање за прислушување не очекував дека овде ќе имаме спротивставени погледи, спротивставени становишта. Злото е нанесено, не е важно од кого. Наше е да утврдиме кој го направил тоа. А ако има расположение кај службите, бидејќи како постојана Анкетна комисија анкетираме многу компетентни личности кои евентуално треба и политички да одговараат, дојдовме до многу интересни сознанија, дека не е тешко да се утврди кој го прави тоа. Во Македонија не е тешко да се утврди кој располага со таква опрема. Сосема јасно вчера слушнавме таа е лоцирана во МВР, во ДБК и си постои линк со Македонските телекомуникации. Тоа не е од сега. Тоа не е никаква новина. Меѓутоа, факт е дека таму е лоцирана опремата и техниката за прислушување. И уште ако се правиме англичани, па не сакаме и тоа да го осознаеме, може многу лесно да се дојде до тоа кој купил таква опрема. Сосема е јасно дека денес на луѓето упатени во овој бизнис, тоа и јавноста на некој начин и го дозна преку определени медиуми, дека во светот само четири компании произведуваат мобилна телефонија, односно опрема за прислушуваше на мобилна телефонија, и тоа една чисто американска, една американско - англиска, една израелска и една руска. За да се набави таква опрема треба согласност од властите во кои оди таа опрема. Значи, треба согласност од власт, од орган во РМ и лесно ќе се утврди кој дал таква согласност да се увезе таква опрема. Второ, сведоци сме дека таквата опрема е многу скапа. Ние добивме информација од компетентни стручњаци, дека опрема за прислушкување на мобилната телефонија, за многу поголем број на телефони е многу скапа, меѓу 100 и 200 милиони долари. Кој може да издвои толку пари да купи таква опрема. Значи не е тешко и тоа да се утврди. Јасно е во Македонија кој има таква опрема и за каква намена. Не треба за тоа да се открива топла вода, таа е откриена. Него во напорите да побегнеме од сопствената одговорност, работите се забошотуваат до крај. На кого му е денес тешко да заклучи, ве молам овдека претпоставувам дека нема таков човек. Па само во еден ден се прислушкувани илјадници граѓани. Само во еден ден. Замислете еве сто и кусур луѓе се прислушкувани за еден ден, така? Дојдовте вие како Комисија до сознание. Па за да се направи, знаете да се сослуша разговорот, да се испринта, да се умножи, знаете колку луѓе треба, за еден ден да се направи тоа. Треба една армија на луѓе административци таму. Ја знам дека сите тие ќе одат таму од работа. Па за тоа ли треба ние да се убедуваме, тоа ли треба истражен орган. Зарем навистина мислите дека на г-ѓица Димовска не и е јасно кој ги дал стенограмите од разговорите. Па таа совршено знае кој го направил тоа. А зошто не го кажува? Не го кажува заради сопствената одговорност, оти стои на чело на тој ресор, на тоа Министерство, и од тие импликации и постапката кога е сосема логична. Сите тие луѓе за два месеци кои што до 1998 година биле на работа ќе си одат. Меѓутоа има и некои други интересни сознанија, дека сите овие луѓе кои што учествувале барем тоа го слушнавме од компетентни соговорници, примени се на работа во поскоро време, после 1998 година. Значи тоа се луѓе со чудни патриотски чувства. Не се многу лојални. И замислите се повикува на лојалност и г-динот Џафери и г-динот Георгиевски вчера. Нас ни посочуваат со прст на нелојалноста на луѓето вработени во Министерството за внатрешни работи. Наместо тие луѓе затоа што дошле до скандали, кој водат кон разнебитувањето на елементарните човекови права, со висока свест сакат да дојде тоа да се открие, тие ќе имаат црни петок. Ве молам почитувани колеги.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:** (Продолжение)

Мораме заради Република Македонија да смогнеме снаги да ги надминеме нашите теснопартиски интереси.

Не се работи за една или две години опстојување на власта. Не смее цената, привилегиите, ситните привилегии од власта да ни го заматат умот, па едноставно да игнорираме се што се случува во државата. Ова е само прелевањето на чашата. Не може, навистина не може, во ситуација кога имате една армија, дуплиран е бројот на невработените, над 380 скоро 400 илјади луѓе се без работа, постојано се отпуштаат од работа, технолошки вишок, не функционира правна држава. Правосудството не работи два месеци а министерот за правда мува не го лази, уште се заканува со штрајк брејкери дека тој ќе доведе и веќе се ставаат на располагање партиски војници од штабови итн., на партиите кои што се на власт да дојдат, како штрајк брејкери. Тоа ли е заложба за правна држава. Погледнете што прави министерот за образование. Без концепција, денес едно, утре друго. Им се закани, сите ги избрка од работа, дури и чистачки и формира партиска фирма да вработи свои луѓе, а кого елиминира од работа? Социјалата, почитувани пратеници. Оние што примаат по пет илјади денари. А, сега, тоа државата ќе ја кошта 500 илјади денари, затоа што партиска фирма ќе ги чисти тие простории. И, помина една недела, тоа не важи. Министерот излегува со став дека е добар, фин министер за образование. Во здравството што се случува? Загрозен е елементарно човековиот живот, затоа што тој не може да купи леб. Со најновите мерки на Министерството и на Владата едноставно тој е доведен во ситуација на просјак, на уривање на сопственото достоинство. Не сакам да говорам, со тоа банални стануваме сите, што се случува со полициските станици, со нашата граница. А, нашето раководство се собра и констатира дека состојбата во Република Македонија е безбедна или засега безбедна. Па, добро што треба да се случи во Република Македонија по оваа Влада, оваа власт малку да почувствува одговорност за состојбите. Ако не сака да почувствува минимална одговорност за она што објективно таа е во состојба да го направи, единствено таа може да ги прислушува граѓаните и никој друг. Џабе е онаа филозофија, те од странство агенти, слушам дека дури и можат да дојдат до инсталирањето на ваков систем и поединци, политички партии или некој од надвор, па работи во функција на опозицијата, заради рушењето на власта. Ова се елементи за рушењето на власта, а не што ги наведе господинот Георгиевски. Нестабилноста на Република Македонија, животниот стандард е паднат до минимални граници. Никогаш немало толку луѓе во народните кујни, неколку што ги има во Скопје и во околината. Тоа е само за овие две години направено.

Според тоа, не е главниот проблем прислушувањето за кое што вие упорно инсистирате овдека дека тоа не постои. Главниот проблем е што оваа власт не функционира. Оваа власт не обезбеди услови безбедни за живот на граѓаните на Република Македонија да се чувствуваат безбедно, сигурно и стабилно. Не ја контролира безбедносната состојба. Доведен е во прашање територијалниот интегритет. А, ние, за една афера, извинете афера не, туку тоа е случај, овдека дебатираме, се надмудруваме кај кого е тој лоциран. Совршено е јасно и нема друг виновен, освен премиерот и министерот за внатрешни работи. И тие што ги поддржуваат нивните мерки. Заради тоа што, не е тешко тоа да се утврди. Ако сакате да го утврдите, ќе го утврдите. Јас кажав неколку елементи, а многумина кажаа и други елементи. Според тоа, наше е да утврдиме политичка одговорност. Ве молам и ќе завршам со тоа на Република Македонија во услови кога се изострени противречностите внатре, кога е конфликтноста на политичките ставови доведена до врв, кога во Македонија, навистина, постојат спротивставени погледи околу клучните прашања, тогаш власта излегува на проверка на сопствената поддршка. Зашто власта се стекнува на избори, легитимитетот се стекнува на избори. Оваа власт е легална, почитувани пратеници, меѓутоа не е легитимна, затоа што не владее со состојбите и затоа што не оди во пресрет на очекувањата на граѓаните од изборите на оваа власт. И, заради тоа оваа власт треба да си оди. Заради тоа на Македонија и требаат предвремени избори. А, за да се случи тоа ќе треба да се формира, навистина, една, бидејќи е сериозно загрозена Македонија, ќе треба да се формира Влада на национален спас. Од сите релевантни политички субјекти. Јас изнесувам само мое мислење, вие ваше и да бидат претставени сите политички партии во Парламентот и оние од надвор што имаат поддршка на граѓаните. Видете и зошто. Заради тоа што во цивилизираниот свет постои таканаречена теорија на мандат. Ако вие излезете пред граѓаните со изборна кампања да барате мандат од граѓаните со програма, вие сте должни таа програма да ја спроведувате. Ако не ја спроведувате таа програма, спроведувате друга програма, вие

сте должни да излезете пред граѓаните да си го проверите мандатот, довербата. Така прави цивилизираниот свет кон кој ние се стремиме. Ако сакаме да бидеме дел од тој свет, а неподелени се очекувањата во Република Македонија, мислам дека треба да се излезе со една Влада на национално единство, бидејќи оваа власт покажа дека не знае да владее, оваа власт покажа дека незнае да организира фер и демократски избори, оваа власт покажа дека спротивно владее од интересите на граѓаните, покажа дека знае да се богати. Меѓутоа, не знае да владее. Јас сум сведок тука, жал ми е што не е премиерот, сведок сум дека во 1998 година добивме писмо од ВМРО-ДПМНЕ дека не се во состојба да ги платат трошоците за одржување на зградата. А денес, за две години оваа партија купува фирми, се богати колку е побогата партијата, толку е посиромашен народот. Тоа ли се очекувањата на граѓаните, тоа ли е вербата на граѓаните во промените, за таква ли поддршка очекуваше оваа Влада. Заради сите тие причини мислам дека навистина не треба да се губи време ако сака Македонија да биде дел од Европа и од евроатлантските структури, мораме да ги надминеме нашите теснопартиски интереси, да излеземе заеднички со една определба за Влада на национално единство, заради заштита на државните и националните интереси во Република Македонија. Се повеќе тонеме и веројатно спасот ќе биде надвор од Република Македонија и надвор од очекувањата и стремежите на граѓаните на Република Македонија. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Флоровски се јави за реплика.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Слушајќи го господинот Петковски, имам впечаток дека од државава веќе утре треба да се селам, дека се толку црни работите што било која друга политичка структура да дојде, не може да се оправи. Затоа што е премногу темна, премногу лошо прикажана, затоа што, нели, вие така рековте и така мислите.

Пред да дојдам на говорницава, случајно го читав текстот што беше повод за сплитскиот митинг, случајот Нораци и предизвикување на хаос. Објавено во "Глобус", а пренесено во "Нова Македонија". Поднасловот вели вака: "ХДЗ и другите интересни групи организираа националистички митинг", со што се покажа дека случајот Норап е само повод за пучистичка акција за уривање на власта. Многу интересен текст, прочитајте го. Нешто ме потсеќа дека нешто и овде се работи на тој план, но нели пософистицирано.

Сакам да одговорам на некои атрибути, обвинувања, епитети кои еве ги изнесовте јавно на сметка на ВМРО-ДПМНЕ, за кои сметам дека не смеат дека не смеат да останат без одговор, затоа што ова оди во етерот и дел од народот, од граѓаните може да го прифати здраво за готово она што значи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Флоровски, само на нешто што се однесува на Комисијата чиј извештај е гледан овде и каде што сте непосредно засегнат. За ВМРО ќе си одговорите во расправата кога ќе добиете збор сите ќе учествувате и комплексно ќе се види како е тоа.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Добро, господине претседателе, мислам дека веќе ако вака настапувате, требаше барем десетина пати да го спомнете господинот Тито Петковски каде што говореше за работи кои апсолутно немаа врска со темата. Јас ќе бидам многу краток, две минути, максимално експедитивен. Да се говори за лицемерие, човек кој дистрибуирал бугарски летоци и беше главен организатор и влакно да не му фали од глава, мислам дека не е чесно. Веќе спомнавте дека работиме со лицемерие како владеачка гарнитура, дека лицемери седат во овие клупи, поточно за Владата. Само да направам една паралела, не може човек кој ги кршеше граѓанските права, како што беше аферата со бугарски летоци, да говори за морален кредибилитет и за лицемерие.

Никој не го негира прислушкувањето, тоа постои. Бараме да се лоцира каде се случувало. Секој има право да изнесе овде сопствено размислување дали покрај она што поседува државата, кој утре некој друг треба да го наследи, некоја друга политичка гарнитура во интерес на Република Македонија, постои нешто надвор од системот на државата. И, никој не може да ни го оспори тоа право на едно такво размислување. Впрочем, господинот Спанчевски спомна дека може да се прават такви варијанти. Не тврдам дека е така, но постојат такви варијанти и тоа и на самата Комисија, господине Поповски го говоревме, а МВР работи на утврдување на фактите. Што ќе излезе од сето тоа, јас не знам, ќе говориме после тоа.

Реформите во МВР знаете ли зошто не се правени? Затоа што цело време не обвинувате дека МВР се партизира. Затоа

што немаше весник кој е под ваша јурисдикција да не осамне наслов дека во МВР се прави партизација, дека се чистат професионалните кадри, се доведуваат нестручни кадри, луѓе од улица и уште незнам се нешто, каде што се нешто калемевте. Е, време е сега да се направат реформи. Затоа што, тие луѓе треба да и служат на државата, а не на партиски интереси, дали на ВМРО-ДПМНЕ или утре СДСМ. Затоа што власта е минлива и менлива, утре вие ќе дојдете. Не сакате да ви се случува нешто слично. Значи, мора да се работи професионално. Она што значи државна тајна, строго доверливо, не говорам за прислушкување, туку воопшто. Цурат документи кои се во интерес на оваа држава, не во интерес на некоја политичка гарнитура.

Околу медиумите ќе ве прашам една работа. Како се чувствувавте за претседателските избори кога излегоа низа на текстови со одредени обвинувања, кои лично мене воопшто не ми се допаѓаа. Не велам дека треба да биде закон, мора да постои одреден критериум, можеби и во главите на самите новинари. Мора да се стави одредена рамка. Доколку некој не сфаќа дека не може секој секого да плука, да се меша во фамилии, во деца и незнам уште што, а такви работи имате прилика да видите.

Околу тајната држава, што знам, можеби искуството говори од вас, од она што значеше шест годишно владеење на СДСМ. Како поинаку, еве, да ги протолкувам работиве. Тоталитаризам, поистоветувањето на Георгиевски што Туѓман, Милошевиќ и Хитлер, мислам не држи вода. Од еден бивш функционер на ЦК СКМ и тоа висок функционер за таквите обвинувања.

Околу МПЦ, кажете ми што е лошо да се разговара на сите можни нивоа за интересите македонски, пред се, како што е интерес признавањето на Македонската православна црква. Па, ако можете и вие нешто направете и јас нешто ќе направам ако можам, ако е во интерес на македонската кауза и на македонската држава. Мислам дека треба да се излегува и да се говори со аргументи, не да се говори на памет. Нешто што ќе упали во јавноста, ова не ви проаѓа, едноставно не ви проаѓа. Не функционира правна држава, судството не работи. Па, сигурно нема да работи кога господинот Муратовски Алијас Аспарух од К-15 е ваш партиски активист, луѓе, како може, кога секој ден ровари и работи по ваши инструкции. Влада на национален спас на чело со Црвенковски како премиер, а вие како министер за внатрешни работи ли? Таква ли Влада предлагате.

И, на крај, во контекст на овие сите обвинувања, ова е реплика, не е мој говор, едно размислување на еден ценет професор, господинот Марјановиќ, извлечено од "Дневник" од 8 февруари вика вака: "Околу обвинувањето дека не може да обвинувате доколку не се докаже вината, вели вака во Америка се колнат во Библијата, а кај нас е важен законот". Вие сте правник и многу подобро ги знаете работите од мене. Кај нас важи само едно правило според кое оној што нешто тврди, тоа мора и да се докаже. Доколку тврдењата не можат да се докажат на суд, тогаш станува збор за клевета. Тоа се размислувања на господинот Ѓорѓе Марјановиќ, професор на Правниот факултет и продолжува "значи, кој го извршил прислушкувањето треба да се докаже на суд, инаку, доколку Црвенковски се консултираше со нас како коалициони партнери и ме повикаше мене, ќе го упатев како тоа да се направи. Но тој не направи така, па затоа ќе мора товарот да си го носи сам". Тоа се зборовите на вашиот коалиционен партнер и тука јас апсолутно ништо не можам да направам. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Петковски сака да одговори на репликата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Мене ми е драго, навистина да слушнам овдека, еве десета година како сме пратеници, единствената забелешка од ВМРО-ДПМНЕ ми е ова, бугарските летоци.

Да ви кажам сосема искрено, да имавте вие и еден релевантен доказ дека јас сум го направил тоа, јас денес ќе бев во затвор. Што значи дека немавте ниту еден доказ. Тоа е реторика. Вие добро знаете, бидејќи имаше Комисија на чело со ваш човек, член на ВМРО-ДПМНЕ, го испитаа случајот, колку што се сеќавам и вие господине Флоровски бевте и дојдовте до сознание кој го правел тоа.

Според тоа, не е тоа Тито Петковски, туку некој друг. А, право да ви кажам и искрено јас таков комплимент не заслужувам. Бидејќи човекот што го направил тоа ги погодил работите дибидус. Како што се одвиваат работите овие 10 години се е точно. Еве, земете ги летоците и видете ако има една работа грешка и денес ќе одговарам. Според тоа, тоа тој што го има направено заслужува и комплимент, поддршка, а не осуда. За летоците толку. Ве молам, да беше некоја осуда и за затвор да

се отидеше, ќе се одлежеше. За 10 години, ако е тоа 1990 година до денес ќе се одлежеше во затвор. Туку, вас ви одговара за употреба, за дневно политичка употреба да ме замолчите, е бугарските летоци. Па, тоа ми прави комплимент, не ме вреѓате со тоа.

Околу реформите во Министерството за внатрешни работи. Ве молам, реформите значат квалитет, подобрување, мобилност, степенот на професионалност, подготвеноста на Министерството да биде над нашата безбедност, лична, граѓанска, државна итн. со другите структури. Министерката добро знае и како поранешен професор по марксизам, добро знае што значи како се гради полиција. Полиција се гради десетина години, а се урива за еден ден, за два дена. Професионалци не можат да се направат преку ноќ, независно нека се генијални луѓе, колку добри партиски активисти, не можат преку ноќ да се направат успешни професионалци. Државата вложувала во дел од луѓето што работат во Министерството. Ги школуваа по Америка, Германија, на Запад се школувани тие луѓе. Според тоа, не се со некоја туѓа идеологија. И, тие луѓе сега се под удар, заради тоа што не се лојални на партијата. А, ние рековме и тука се согласувам со премиерот треба да имаме кадар кој што ќе е лојален кон државата, кон интересите на државата, а не СДСМ вчера, ВМРО денес, утре некоја трета партија ќе биде на власт, па да работат во интерес на таа партија. Јас за такви реформи говорам. Што е квалитет да си е професионалец, меѓутоа не партиски. Ние добивме децидна изјава, вчера ја слушнав од министерот, поранешниот министер Павле Трајанов, добивам списоци од ВМРО-ДПМНЕ, ПДПА и од Демократска алтернатива кои луѓе треба да се вработат во Министерството за внатрешни работи. Тоа ли се реформи? И ова што мислите да го правите, тоа ли се реформи. Ќе верував реформи, луѓе да немаат партиски книшки таму. Полиција, здравство, образование, не смеат да помислат на партиски книшки ако сака да му служат на граѓанинот на Република Македонија. А вие само со партиски книшки секаде вработувате, тоа не се реформи почитувани колеги. Весник под јурисдикција на Социјалдемократскиот сојуз, ја навистина не сум знаел дека сме толку моќна партија па да имаме такво влијание. Тоа е право на новинарите. А да ви кажам една работа. Премиерот неколку пати и вчера употреби СДСМ и весниците што ги контролираат, а никако ниеден збор не кажа за весниците и медиумите што ги контролира ВМРО-ДПМНЕ и тој лично како премиер, а малку се. Значи треба сите. Затоа ќе донесете закон па да бидат сите под ваша контрола. Телевизијата ја плаќаме сите и од мојата такса телевизијата мене ме плука. Така ли?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:** (Продолжение)

Според тоа, нема право да го прави тоа. Оставете ги навистина медиумите. Македонија поминува низ тежок чувствителен период, ама оставете ги медиумите нека градат своја политика. И за мене пишуваа гнасни работи за време на кампањата, точно е тоа, меѓутоа не ми падна на памет да барам да се забрани некој весник. Затоа што имаме право ние како поединци да ги тужиме новинарите за лаги, за клевети и да си одговараат на суд. Понатаму, јас реков господине Флоровски, реков во својот настап, јас не го споредив Георгиевски со Хитлер. Јас реков проектирање на тоталитарни држави кои што не успеале. Нема ништо заедничко, се разбира.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Се подразбира.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не се подразбира. Јас бев многу рециден и категоричен. Тоа се сосема современи форми, методи на формирање на таква држава, тоа се групи што ги правеа во минатото.

За МПЦ ќе разберам дека е тоа добронамерно навистина како премиер на Влада, секој носител на функција па и ние како граѓани на било кој начин да допринесуваме за афирмација на МПЦ. Но, да се сугерира заради одење во пакет некој што од нас бара, дајте да ја завршиме ние работава, името на државата и на црквата заедно и да ја завршиме работата, тоа неможам да го прифатам, тоа не го прифаќаат ниту граѓаните на Република Македонија. А некој тоа го сугерираше, сугерираше однадвор, меѓутоа нема право некој тоа мене и вас да не убедува овде дека е тоа добро. И на новинарското прашање што мислите, па добро е да се вратиме во прво одделение. Прво одделение тоа значи, враќањето на Охридска архиепископија, а после да станеме Македонска Православна Црква. И навистина ме одушеви ставот, еднодушноста и едногласноста на МПЦ. Практично не му даде мандат на никого повеќе во нејзино име да преговара. Судството и синдикатот, ве молам штрајк брејкерството што го подготвува оваа Влада е катастрофална работа. За демократијата, за демократијата

до 1998 година организиравте штрајкови како граѓани како вработени. Тоа ќе продолжи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сакам да ви спомнам репликите да се задржат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине претседателе многу прашања ми поставија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Повеќе пати на повеќе ќе им одговорите, ќе си земете збор пак повторно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Заради тоа сметам дека е потребна Влада на национален спас, а Влада на национален спас неможе да биде на чело на таа Влада луѓе од најспротивставените политички партии во Македонија. Тоа е сосема јасно. Тоа е познато во светот, позната е формата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Флоровски е прозван. Одговорено му е.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Многу кратко, околу летоците, мора да расчистиме. Како член на Комисија документот каде што вие сте спомнувавте го добив лично од господинот Слободан Богоевски. Можете да го прашате и го прочитаа сите членови на Комисијата. Ќе го прашате, тој е ваш партиски човек, што сега мене ме прашувате, тој е ваш човек, сретнете се и разговарајте. Претпоставувам дека тогаш имал таков интерес.

Околу МВР, точно, не се под туѓа идеологија како што спомнавте, тие се под идеологијата на СДСМ. А рековте дека тие треба да бидат непартиски луѓе, да работат во интерес на македонската држава. Тука апсолутно се сложуваме. Павле Трајанов добил списоци на партиски луѓе од ВМРО-ДПМНЕ, од ДПА и ДА. Може добивал како обични полицајци, но вие нудевте списоци на партиски луѓе кои беа во првиот, вториот па и третиот ешалон. Има огромна разлика меѓу тоа што вие го работевте и ние го работиме. Повеќе мислам дека нема потреба да реплицирам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Мухамед Таири.

**МУХАМЕД ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, излегов за кратка реплика на господинот Тито Петковски дека не се согласувам со некои негови излагања овде на говорницата. Што се однесува до проектите на оваа власт кои ги споредив со проектите на Хитлер и на другите што ги слушнавме, јас тука не се согласувам со господинот дека колку е оваа власт демократска и колку оваа власт ги води за овие двеипол години демократските, а и реформите во оваа држава се покажува и народот јас мислам дека тоа го прифаќа така дека ние мораме да идеме со реформи. Оваа власт ја имаше таа храброст да се нафати со тие реформи.

Што се однесува со прислушкувањето за нас албанците ова не е новина дека ние сме биле прислушувани можеби 60 и 70 години порано каде сме биле и попросто прислушкувани со некои арапски телефони, и кога си кажал некој збор на некое место, тој уши во уши заминал со органите на власта и сме биле казнети од 60 дена па до десет и петнаесет и повеќе години. А колку е оваа власт демократска за разлика од претходната се покажува и со досиејата кај нас Албанците кои се над илјада страници каде ние не сме имале пристап до такви досиеја, но кога дојдовме во власта тие работи ги откривме, ги дознавме колку се дебели нашите досиеја.

Што се однесува до господинот Арбен Џафери и премиерот Љубчо Георгиевски, нормално дека тие двајца сега се најодговорни во државата, дека тие си водат политика во оваа држава и тие нормално имаат и обврска да гледаат во државата каде шкрипи, а каде оди добро работата за да превземат понатамошни акции.

Што се однесува и до некои излагања што ги кажа околу Анкетната комисија што од лицата кои ги анкетиравме, тука има од секој човек кого го анкетиравме, имаат различни ставови. Едниот кажува дека таква апаратура постои во МВР, другиот кажува дека од тоа министерство ништо не е произлезено. И сега околу прислушкувањето, јас мислам дека ние како членови на Анкетната комисија треба да бидеме повоздржани околу нашите изјави, кој, како кажал, затоа што на крајот ние треба да заземеме став и заклучоци од страна на Анкетната комисија и да му предложиме на Собранието кој е нашиот став во Анкетната комисија, дека тука се кажува дека постои таква апаратура во МВР, но се тврди дека од тоа министерство не е излезен некаков документ, никаков аргумент дека имало такво прислушување. И сега ние да не пресудиме предвреме, пред институциите кои треба да пресудат за овие работи. Па затоа во тој контекст го молам

претседателот на Анкетната комисија за човекови права да биде повоздржан во неговите изјави.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ќе бидам сосема кус. Околу анкетирањето на луѓето и работата на Анкетната комисија јас бев прецизен и кажав она што господинот Павле Трајанов јавно на новинарите го соопшти, а не што луѓето разговарале на Анкетната комисија и цитирав. Така што не излегува надвор од договорот дека ќе имаме став како анкетна комисија и тоа го почитувам. Околу техниката дека постои за прислушкувањето, тоа не е мое мислење, тоа стои, тоа е веќе со аферата "Железничар" сосема јасно е, а и во извештајот стои на Комисијата за контрола над работата на Агенцијата за државна безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнување. И јас тука нема што да додадам, тоа е факт, ние правниците велиме ноторен факт, неспорен факт, тоа никој не го спори дека постои. А дали се злоупотребила, јас реков: ние треба да утврдиме овде политичка одговорност, а судот да си утврди кривична одговорност. Треба да ги одвоиме кривичната од политичката одговорност.

И околу тоа дека господинот Џафери и Георгиевски се најодговорни луѓе во државата и тоа не го спорам. Тоа навистина се потврди и со аферата за прислушкување. Господинот Џафери рече: нема одговорност за госпоѓица Димовска и таа не треба да биде сменета. Вчера имаме став на Владата дека е така. Според тоа, уште една потврда дека навистина тој двоец совршено функционира во Република Македонија. Тоа е точно и ве поддржувам.

**МУХАМЕД ТАИРИ:**

Јас мислам дека на господинот Тито Петковски и на неколкумина во државата се што ќе произлезе нешто добро од господинот Арбен Џафери изгледа дека тоа му смета. И затоа треба да се навикнат дека и кај нас албанците има луѓе кои имаат добри и паметни идеи.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, внимателно ја следев дискусијата на господинот Петковски и неговата желба да се афирмира себеси како голем борец за човековите права. Впрочем тој во овој момент ја води и таа Комисија. Меѓутоа, јас жалам што ја имаше можноста сам себеси да си честита на успешно обавената функција на идеен автор, директен изготвувач и дистрибутер на акцијата со бугарските летоци. Точно е дека човекот кој што ги изготви во тоа време бугарските летоци успешно си ја завршил работата, меѓутоа тоа е благодарение токму на професионалците кои што работеа во Министерството за внатрешни работи во тој период токму на професионалецот господинот Слободан Богоевски кој што од тоа време работеше и кој што сега плаче како човек кој што доследно и до крај се бори да се исчистат од непрофесионалците кадрите во МВР. Меѓутоа, треба доследно да каже дека и во времето кога тој работеше таму, беше непрофесионален заради тоа што документите кои што во тоа време ги однесе во централата, во седиштето на партијата ВМРО-ДПМНЕ успеа со пепел да ги покрие во оној момент кога СДСМ беше на власт, исто така да ги покрие комплетно сите дејанија кои што тој, веројатно и многу блиски на него ги правеше во тој период. Мене ми е совршено јасно зошто во овој момент е насочена хајката против министерката Доста Димовска. Тоа е од причина што постои едно клише на луѓе кои што работат меѓу кадрите на ВМРО-ДПМНЕ, дека се работи во принцип за глупави луѓе и луѓе кои неможат да бидат достојни за една заедничка борба со кадрите прекалени низ 50-годишното владеење на СДСМ. За жал во овој момент очигледно е дека госпоѓа Димовска е кадар кој што достојно може да одговори, односно може да биде добар играч со прекалената борба која што ја водат играчите од тоа време и порано и сега во овој период. Тоа впрочем се однесува и на вашето постојано споменување на господинот Павле Трајанов кој што сега настапува очигледно од позиција на Социјалдемократскиот сојуз и кој што себеси си се прикажува како жртва на оваа власт, заборавајќи дека беше министер за внатрешни работи кој што беше реконструиран, а не како човек кој што сам си даде оставка и кој што сега вели дека бил приморан, од кого тоа, ако кадрите за вработување во тоа министерство беа вработувани со негов потпис и со негово решение, а не од некој друг.

Од друга страна сакам да истакнам дека господинот Павле Трајанов ќе беше вистински херој, меѓутоа не само по вашите, туку и по наши критериуми ако тогашните акции за голем стопански криминал кој што во оваа држава несомнено се врши, кој што очигледно целокупната борба на оваа власт треба да биде насочена на тоа поле, не успееше самиот да ги спречи со телефонските јавувања на своите бројни пријатели како и бројни подготвувани акции

долго време во МВР треба да се сосечат, односно луѓето кои што беа замешани во тоа да ги покријат документите, па дури некои од нив и лично да не се најдат во државата во оној момент кога тие акции ќе се извршуваат. Многу се разликуваат нашите критериуми за тоа што е национален херој, со вашите. И за мене лично, национален херој ќе беше човекот кој што вие тврдите дека го имате и кој што е анонимен извор во оваа афера на прислушување излезеше со податоци заверени веројатно во МВР за кои што вие тврдите дека прислушувањето се врши таму. Јас немам податоци и незнам каде се врши се додека тоа не го докаже судската власта во оваа држава по еден нормален редослед, отидеше со тие податоци и ги однесеше во Јавното обвинителство, а не во неговата централа во седиштето на СДСМ.

Јас жалам што во овој момент на вас тешко ви паѓа акцијата во која што велите дека министерката, или оваа влада треба да исчисти се во МВР. Прво велевте дека министерството е до крај испартизирано. Значи дека комплетно се влезени кадри на ВМРО-ДПМНЕ и на ДПА во случајот, сега велите дека треба да се исчисти. Од што да се исчисти? Од патриотите кои што во овој момент работат за една или за друга кауза, а не заради националните интереси. Тоа е навистина жално ако при промената на секоја власт во оваа држава имаме наши и ваши професионалци. Меѓутоа очигледно работата е стигната до тоа дереџе од причина што многу голем број на документи насловени со професионално службена, државна тајна излегуваат од тоа министерство. Се додека во МВР, во Министерството за одбрана па дури и во сите други министерства не работат луѓе професионалци кои до крај ќе си ја вршат работата, а тоа е отчет исклучиво спрема државата, а не спрема поедини партии, очигледно дека нашава држава ќе оди во правец на нашите и вашите професионалци и тоа не е добро. Меѓутоа во овој момент мандатот што го има министерката Димовска заедно со една друга група го оправдува максимално. Треба да се исчистат кадрите кои што носат информации во штабовите на поедини партии. Во овој момент тоа е Социјалдемократскиот сојуз можеби во друг момент тоа ќе биде ВМРО-ДПМНЕ, меѓутоа ќе се согласам со вас дека тоа не е добро за државата и дека не е добро за граѓаните на оваа држава.

А што се однесува за новинарите, впрочем за тоа ќе имаме и посебна расправа во ова Собрание, за свилениот гајтан кој што велите дека еве веќе им се преплетува. Мислам дека нема потреба новинарите, не се сите впрочем лоши во оваа држава, да бараат апологетство во Социјалдемократскиот сојуз, или во ВМРО-ДПМНЕ, или во било која друга партија. Тие имаат свои здруженија, можат да настапат тие нивни здруженија кои очигледно досега не постоеја. Меѓутоа, навистина е зачудувачки фактот да во оној момент кога во салата се врати пратеничката група на СДСМ да биде преполнета галеријата а во овој момент кога СДСМ не е во салата да нема ниту еден новинар, бидејќи очигледно пописот не е коњуктурно прашање и ред други прашања од даночната сфера не се коњуктурни прашања кои што ги интересираат новинарите.

Она што исто така за мене не е изненадувачки, меѓутоа јавноста имаше можност да го види, ако досега го следевме текот на расправата, се она што добар дел на новинари го истакнаа во своите јавни експозеа по повод прислушкувањето, имавме можност да го видиме и во вашите дискусии. Симбиозата е добро воспоставена, меѓутоа ве оставија без текст токму вашите во случај апологети, новинарите од таа афера.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине потпретседателе, незнам можеби вие не сте во тек со текот на седницата, затоа што сега го зедовте претседавањето. Јас интервенирав и кај претседателот на Собранието, за жал, тој рече: обрати се до потпретседателот кој актуелно ја води седницата. Постои деловник и треба да се придржуваме до него. Вчерашната седница заврши со давање на право на збор на одредени пратеници овде на оваа говорница надвор од деловникот, но тоа беше на крајот од седницата.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:** (Продолжение)

Ете, момент на слабост на водителот на седницата мислев и дека тоа нема да продолжи така. Но после последната дискусија што ја имаше господинот Тито Петковски, исто така се јавуваат неколку дискутанти што мислам дека немаат право на збор, затоа што не е во согласност давањето на збор, согласно одредбите од Деловникот. Имено, познато е дека за реплика се јавуваат пратеници кои ќе бидат спомнати по име и презиме, евентуално, ќе им се даде збор за да објаснат некоја ситуација во контекст во кој се тие спомнати.

Овде излагаат пратеници и кажуваат, на кои им се дава збор за реплика, кажуваат отворено претходно дека ние, јас не се согласувам со ставовите што беа претходно изнесени и еве, сакам да објаснам некои работи. Тоа е прашање на дискусија ако не се согласува. Можеби ние сите не се согласуваме со поедини дискутанти овде, но тоа наше несогласување ќе го изразиме во моментот кога ќе добиеме ред на говорницава.

Јас, да ви кажам господине потпретседател зошто реагирам? Веќе две години чекам ред во ова Собрание и пријавен сум на тие листи три пати да добијам право да поставам пратенички прашања. Никако да дојдам на ред. Затоа што редот не се почитува, затоа што од седница на седница се изменуваат тие критериуми за некој да дојде на ред до микрофоните.

Ако на таков начин и сега се имам пријавено за дискусија, а не се почитува Деловникот, па ве молам, јас не сакам да применувам безобразлук и сила за да можам да дојдам до овие микрофони. Сакам на коректен начин, по ред да можам да дојдам и да можам да го изразам своето мислење. Мислам дека околу тоа прашање ќе треба да се поведе доволно внимание, да во согласност со Деловникот се излегува на оваа говорница. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Тоа е ваше мислење, го примаме како што е.

Процедурално збор бара господинот Амди Бајрам.

Ве молам, немојте да правите друга работа, да секогаш сите доаѓате овде процедурално, а говорите за едно што е материјална расправа.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Господине потпретседателе чекам половина час за процедурално.

Почитуван господине потпретседателе, почитувана госпоѓа министерка, почитувани господо пратеници, видете што е работата. Овде се спомна, јас сега ви ја превртувам работата овде, господинот, јас спроти господинот Тито Петковски немам ништо, нормално, тој е опозиција, јас сум со власт. Јас сум со власт, (реакции од место) не, не господине, не е реплика, седете таму, не ме прекинувај. Господине потпретседателе, прекинете го, прекинете го нека не ме прекинува.

Јас, против господинот Тито Петковски немам ништо, туку имам против Танушевци што збори. Танушевци е 85 изборна, моја изборна единица и сакате дестабилизација да направите во државата меѓу националностите во Република Македонија и правите од Танушевци дека е некоја борбена линија таму и дека таму се спрема нешто.

Јас, за цело време, за тоа барам од тука процедурално. Тоа е моја изборна единица, тоа се мои избирачи, мене ме гласале и јас ќе ги преставувам тука и ги преставувам. Слободно, со мене можете да појдете, затоа што од многу граѓани од Танушевци ми се јавуваат, затоа што јас сум пратеник и морам да станам да го кажам ова овде. Танушевци, немој да го спомнувате. Од еден мал инцидент на голема работа, што не е тоа така. Ако мислите дека е така, можеме да направиме една анкетна комисија овде од Собрание и да одиме во Танушевци да го посетите. Ве повикуваат граѓаните на Танушевци со мене како пратеник да одиме таму, на лице место, да видите дека нема ништо такви работи. И ќе ве молам, друг пат зааквите изборни единици, на кој пратеник како му следуваат, а мене, нормално, јас сум избран од таму, од тие избирачи, 85-та изборна единица, со Танушевци нема никакви работи, кажано е и молам, моите избирачи немој да ги настројавате и да ги правите како некој во државата овде злобни и дека непријатели на државата.

Ќе ве молам друг пат да не се случува за Танушевци такви муабети. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господинот Тито Петковски се јави за реплика.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Еве, со новинарите ќе бидам навистина кус. Мислам дека е непристојно да разговараме за новинарите во Собранието. Според тоа, јас само одговарав на некои прашања, закани за новинарите вчера што беа изречени од устата на премиерот. Ништо друго. Мислам дека, колку се новинарите, за кои што вие говорите наши - ваши, ќе видите. вие се обидовте да ме замолчите овде со бугарските летоци, а ќе видите утре - задутре што ќе пишува "Нова Македонија", "Вечер" и Македонската телевизија за мене. Еве да бидеме живи ќе гледаме и ќе читаме. Не ги предупредувам, имам искуство. Говорам врз основа на искуство.

Понатаму, видете и за бугарските летоци, навистина не сакам повеќе да зборувам. Тоа е бајата тема, десет години. Незман како не ви е здодевно. Знам дека боли, меѓутоа вистината не е моја измислица.

Хајка против Доста Димовска. Јас јавно соопштив во интервју за еден весник, навистина тоа е реткост после еден или двајца министри смогнаа сили, меѓу кои и госпоѓица Доста Димовска да поднесат оставка од морални причини. Ја образложи оставката. Јас мислам дека тоа е доблест. Мислам дека, апсолутно ја прифаќам нејзината теза дека во Македонија треба да се гради вредносен систем во кој носителите на функции и ќе сносат одговорност. И тоа апсолутно, одговорноста е објективна. Не само заради тоа - ако прислушкувало Министерството. Тоа треба да се докаже. Затоа што не заштитило некој да биде прислушкуван, ние, граѓаните. Затоа објективна одговорност. По ресорот, по законот, по Уставот тие ингеренции спаѓаат во МВР и тоа добро стои во образложението на оставката. Така што апсолутно не мислев, напротив реков дека смогна сили да каже дека постои објективна одговорност. Одговорноста е на премиерот, тој си ја презема во свои раце амнестирање објективна одговорност, одговорноста на премиерот и се разбира на Владата во целина.

Што се однесува до Павле Трајанов, јас цитирам негови јавни настапи. Ниту го оправдувам, ниту го напаѓам. Цитирам негови изјави во јавноста пред медиумите, на новинарите изјави што има дадено и ништо повеќе.

За националниот херој, видете, ние треба да градиме пристап на професионалци. Никој не може да ме убеди дека луѓе кои се година или две во полицијата, нека бидат и доктори на наука, да ги внесете вие во полицијата не се продуктивни, не се ефикасни. Ниту можат да го откријат случајот Арачиново, ниту трампа на војници, што ја знам, низа афери и терористички напади, било кој. И атентатот. Јас не говорам дека попрофесионалци биле тие за време на Владата на СДСМ. Јас се залагам да правиме професионална полиција, а не партиска полиција. Реформите, сега се заклучи откако се откри аферата со прислушкувањето, Владата заклучи дека треба да се прават реформи. Зошто да се прават реформи, да се отстранат оние кои ги даваат податоците од МВР. За тоа се реформите, така, а не да се спречи да не се прават такви афери, да не се прислушуваат луѓето. Тоа не е толку важно. Одговорноста не е важна. Битно е оној кој ги издал податоците надвор и тоа на СДСМ.

Значи, според тоа, треба навистина да се залагаме сите да бидат само професионалци, да се врзуваат за власта, за интересите на државата, а не за партијата. Лојални на власта, а не на партијата.

Според тоа, тие луѓе, нема право ниту Бранко Црвенковски на кому му се доставени, стенограмите, нема право и дури да ги каже, заради тоа што во македонскиот јазик постои и нешто што има образ, што има морал, што се вика кодош, разбирате? Ако некој работи во интересите на својот народ и кажува дека власта или некој ги прислушува граѓаните, а некој друг да каже - ти го правеше тоа и ако сакате да бидеме до крај доследни, еве, министерката е тука, јас ја молам министерката јавно да декларира дека ги ослободува од одговорност, да кажат јавно. Може министерката по закон има право, министерката знае добро дека по закон има право да каже и да го заштити нивниот интегритет. Нека каже јавно овде, тие луѓе ќе излезат и ќе кажат.

Понатаму, нека смогне сили Борис Трајковски нека каже дека има аболиција на тие луѓе од кривично гонење. Да видите дали тие луѓе нема да излезат за да кажат? Ќе кажат. А, вчера премиерот ги заплаши. Дури Јавниот обвинител ги заплаши. Првата изјава на Јавниот обвинител беше - а, кривично ќе одговарате. Знаете, во старт ја оневозможи истрагата.

Според тоа, ако сакаме да бидеме коректни, ајде да се договориме на отворена сцена во Собранието. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа, почитуван Тито Петковски, ние сме добри пријатели, можеби и најстари комунисти во поранешниот Сојуз на комунисти на Југославија. Но, слушајќи ве вака како изнесувате некои принципиелно некои ставови, навистина не можам да ви верувам. Постојано зборувате, ве молам ако може малку да се сослушаме, постојано зборувате дека во Република Македонија треба строго да се оди на професионалност, на знаење и на умни луѓе во секоја струка. И тоа, безрезервно го прифаќам. Секогаш како мој став го изнесувам овде во Собранието, во

овој втор мандат во Собранието на Република Македонија.

Дали можам да ви верувам за тоа што заедно со Љупчо Поповски, а без вашиот потпис не можеше во Република Македонија ниту еден судија да биде назначен без ваше знаење? И денес имаме судство такво, какво што е заради вашиот потпис и заради изборот на Љупчо Поповски во Комисијата за избори и именувања. Дали сметате дека таквата професионалност од поранешна Југославија на таквата мрежа поставена на луѓе треба и понатаму да опстои во Република Македонија ако еден систем изумре и ако една шема изумре, исто така тие треба да опстанат и во Република Македонија? И, дали треба постојано обновување на тие системи и на тие мрежи и треба да бидат постојани или статични само заради тоа што вие идеолошки припаѓате на една номенклатура од која не можете да се одлепите?

Ние драстично се разликуваме во идеолошкиот пристап. Не се работи овде за професионалноста или за начинот на воспоставување на овие системи. Вие сте со папочна врвца поврзани за тој проклет југословенизам. И таа мрежа од минатото и тие црни фондови и доушници итн., постојат и денеска. Ако вие изразувате сомнеж во демократијата во Република Македонија со оваа Влада, ве молам, каде е вашиот однос и став кога ние после донесувањето на Уставот, вие бевте Влада, господинот Црвенковски седи до тебе, направивте толку досиеја, а сите тие досиеја беа правени врз база на прислушување, на следење, на прогонување итн.

Моето возило беше запалено од СДСМ. Луѓето, актерите се знаат. Судските процеси вештачки исто така. Аферите во таа смисла исто така. И, како имате морално право да укажувате само на професионалност и дека демократските процеси во Република Македонија се замрени, а кога вие, на еден драстичен и на еден многу јасен начин, да речам во Република Македонија го организиравте граѓанството што ви е врзано за тој проклет југословенизам и отидовте да ја запалите американската амбасада. Исто така, тивко, тивко политички водите војна и против НАТО структурите, го организирате граѓанството против таквата опција и исто така и во самата Комисија за внатрешна политика и одбрана не сакате да го донесеме Законот за одбрана на Република Македонија. Кои се вашите прокламации овде од говорницата дека навистина се залагате за една чесна игра, чесен фер - плеј за да може Република Македонија да ја изведеме на една добра чистина и како политички партии да знаеме што е национален интерес и до каде можеме да одиме или да се поигруваме со тој национален интерес.

Благодарам, јас имав само толку.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Талевски.

(Пратеникот Нано Ружин се упатува кон говорницата).

Ве молам, седете на место.

Ве молам, ќе го почитувам делот од Деловникот.

Ве молам, секогаш додека, господо пратеници, додека не добиете збор на говорница не доаѓајте. Тоа е по Деловникот, ќе го почитуваме сите.

Процедурално господинот Талевски има збор.

**АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, процедурално барав збор подолго време за да ја прекратиме, да ги скратиме проблемите, имено да придонесеме за што поквалитетна расправа, мислам дека во салата треба да монтираме една огласна табла за да може говорникот да се потсети што е точка на дневен ред за да може да дискутира по истата и да не паѓа во некои квази интелектуални и квази филозофски парадигми.

Исто така, можеби е добро на ѕидовите да поставиме и календар за да може говорникот исто така да го види времето и да се снајде во временските димензии, бидејќи претседателската кампања многу одамна заврши. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Се јавува господинот Нано Ружин процедурално.

**НАНО РУЖИН:**

Почитувани колеги, кога се спомна од името на господинот заменик координатор на ВМРО, фактот дека СДСМ е антинатаовски расположен, јас морам да реагирам со оглед дека исто така доаѓам од СДСМ, оценките дури и на Владата и на министерот Ќерим беа дека СДСМ е пронатовски расположен и фактот што јас самиот прифатив да заминам како амбасадор од страна на СДСМ е од опозицијата. Тоа е едната работа.

Втората работа што би сакал да ви ја искажам е фактот што прислушувањето и евроатлантските структури се два различни поими. Ако сакаме да одиме во овие

евроатлантски структури, тоа треба да го надминеме, бидејќи секој вид на однесување, било да се работи за проблемот околу прислушување, за проблемот околу нелегални избори, за проблемот околу монополот врз информирањето, медиумите итн., секако таму се бележи како наши големи хендикепи во она што е општ наш национален интерес на оваа држава и на сите влади, претходни, сегашни и идни, односно зачленувањето во Европската унија и НАТО.

Затоа, јас ќе се јавам за дискусија, следејќи ги сите жолчни дискусии што ги видовме, сите обвинувања, забележав, прво, дека има одредени референци на работи што се случувале пред десет години. Тоа сите си го носиме како држава и како политичари и како структури. Се враќаме во минатиот милениум да кажеме дека одредени афери постоеле.

Мислам дека е крајно време да се свртиме напред, да ги оцениме фактичките состојби околу ова што го поднесе СДСМ како иницијатива, да ги насочиме нашите идеи кон малку самокритичност, бидејќи излезе дека едните обвинуваат а другите воопшто не се заинтересирани дека постои таква афера, афера на прислушување.

Мислам дека е веќе секому јасно дека во прислушувањето не е замешано Министерството за екологија или за млади и спорт, туку таа работа може да ефектуира само во едно министерство, а тоа е Министерството за внатрешни работи. Според тоа, да бидеме реални и самокритични, да го оцениме овој историски момент, бидејќи генерациите што ќе доаѓаат понатаму ќе се реферираат врз овој настан. Ви благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Реплика за господинот Тито Петковски и со тоа завршуваме со репликите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас се согласувам нема повеќе да реплицирам.

Ќе кажам кратко за судиите во мое време. Навистина бев претседател на Собранието кога се избираа судиите и се разбира законот, указот е потпишан од моја страна. Ако мислите на тоа, претпоставувам дека тука нема никаква идеолошка разлика. Ако мислите на партиска припадност, избравме за судии се што предложи Републичкиот судски совет, за разлика од вас, вие ги враќате по два пати. Имаше 6 - 7 случаи од Прилеп, чесно кажано. Меѓутоа, да се враќаат претседатели два пати, тоа нешто говори. Го дисциплинирате и судството, значи кој не е морално подобен и кој не е од ВМРО не може да биде претседател на суд. А Републичкиот судски совет е тој кој ја следи работата на судиите и предлага судии, и нивно именување меѓутоа и нивно разрешување.

Според тоа, не негирам дека имало контакти, разговори и мислења за судии, тоа е правено и во комисиите, тоа е правено и со Судскиот совет. Меѓутоа, знаете што? Нешто што било лошо треба да го отфрлите, не може да ви биде алиби - вие правевте тоа, и ние ќе го правиме тоа. Вие не добивте мандат заради тоа што ние тоа сме го правеле добро, туку затоа што сме имале грешки, вие добивте мандат. Меѓутоа, не сме правеле вакви грешки г. Котевски.

Што се однесува до судиите, немате право, ако сакаме да ја профилираме како самостојна судска власт, дајте Судскиот совет, каков е таков е, вие си го избравте, ваши луѓе внесовте таму, познати партиски активисти внесовте за членови на Судскиот совет и верувајте им на тие луѓе. Се што ќе ви предложат поминете го, тоа е по закон така, вие два пати ги враќате. Според тоа, нема самостојна судска власт во Република Македонија.

Идеолошки се разликуваме - фала Богу, припаѓаме на различни партии. Тоа е богатство на плурализмот, борба на различни идеи, која ќе ја прифатат граѓаните таа ќе владее, нели, тие политички партии. Сега сте вие, вам ви веруваат граѓаните, ама се плашите да одите да ги проверите како ви стојат работите на избори.

Велите врзаност за југословенство. Морам да ви кажам отворено, за Југославија не треба да жалиме, меѓутоа, од Југославија не треба да се срамиме. Факт е дека имавме држава, дека имавме национален културен идентитет. Тоа е наша историја. Ако се срамите од сопствената историја, кажете тогаш еве јавно, живеевме во една држава која што држава беше респективна. Меѓутоа, Република Македонија е волја на референдумот на граѓаните на Република Македонија по распадот на Југославија и тоа е наше дело, вие бевте во првиот Парламент, заедно бевме.

Според тоа, со сите ќе си бидеме пријатели, ама со никого не повеќе, малку со едниот, а омраза кон другиот, така? Не може да бидеме пријатели со едни ептен наши пријатели, а другите непријатели, затоа што до вчера сме биле заедно.

За следење - јас да ви кажам за туѓи пропусти не сакам да амнестирам никого, и во времето на СДСМ имало министри кои лошо работеле, имало министри кои прислушувале, кои правеле и досиеја, меѓутоа, јас не сакам да сносам одговорност и тоа за вас не може да биде алиби. Ние нели велиме дека Собранието има контролна функција над извршната власт и таа да си ја употребуваме.

За НАТО немам ништо повеќе да додадам. Вие совршено добро знаете дека СДСМ прв иницира овде во ова Собрание, потпишувањето на декларацијата, јас сум прв потписник на декларацијата за пристапување кон НАТО. Тоа можете да го видите од документацијата. Според тоа немате право да ме напаѓате.

Конечно, мислам дека ако се договориме околу тоа дека слободата, демократијата, правната држава и интегритетот на Македонија се национални интереси, да не се надмудруваме за тривијални прашања.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Реплика за г. Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван Тито Петковски, со многу работи со вас се согласувам и мислам дека во кулоарите на Собранието со вас често разговарам на полно теми. Меѓутоа, не се согласувам со нешто многу драстично што овде вие го потенцирате како став или како ваша особина или одлика, но тоа во дело не го практикувате. Вие знаете како велите: не ме гледајте што правам, туку гледајте што ве подучувам, учете се од она што ви укажувам, а не од она што го правам во практиката. Значи, вие направивте едно судство такво какво што го направивте, а вие бевте главен консултант и без ваша дозвола не можеше да се избере судија во Република Македонија. Сега велите, ако таа практика не чинела, да ја смениме. Значи, откако вие ја завршивте работата, практиката треба да ја смениме. Принципите на секој политичар треба да се мерат преку неговите ставови и делата што ги прави во практиката. Ние мораме да направиме успешен спој на политичкото и практичното, она што во животот навистина се мери од граѓаните, од луѓето каде што комуницирам од семејството итн. Вие имате двоен аршин, двоен морал. За одредени работи ги скривате, ги правите како да се исправни, ваши, но од друга страна не учите нас како тоа треба да го направиме, а всушност не го правите. Еднаш треба да расчистиме, затоа постојано во ова Собрание инсистирам на еден искрен пристап на политичарот, да не се стекне впечаток во јавност на Република Македонија дека сите политичари ад хок се лажговци" и за жал така преовладува тоа мислење во државата. Затоа, ако земете едно јавно мислење, да се направи едно испитување, ќе видите дека на политичарите најмалку им се верува само заради овие вакви ставови, двојни аршини. Ние треба да бидеме „мажи" ако одредена работа, одреден принцип го застапуваме, да го застапуваме до крај. Само така може државата да оди напред. А не може јас во практиката да се однесувам никако, а овде на говорницата да изигрувам светец. Тоа се две различни работи на кои јас постојано инсистирам. И дури и често пати со вас сум разговарал, како тоа да се направи да се дојде до тие државни национални интереси, да се знае границата до каде може да се оди и во политичка кампања и во натпревар итн. Но ние не смееме државата да ја доведеме до работ на пропаста само заради нашите лични егоистички интереси, да бидеме по секоја цена власт, да бидеме по секоја цена во Парламентот, да бидеме по секоја цена министер итн. Тие се најопасните работи и затоа државниците од цел свет, оние што останале во историјата на одредени држави се ценат по тоа колку се надраснале над овие принципи. Затоа останал еден Линколн, еден Крал Петар, останал Винстон Черчил, итн., да не ги набројуваме личностите. Мислам дека сум сосема јасен.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г. Кирил Настески.

**КИРИЛ НАСТЕСКИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани колеги пратеници, како никогаш досега, од своето осамостојување па до денес Македонија не ја потресуваат толку немири, инциденти, штрајкови, афери. Во овие две години, за жал, имавме прилика да видиме: изборни фалсификати залеани со крв и тепачки, бомбашки напади, гранични инциденти, еколошки инциденти, штрајкови кои најдолго траат, здравствени услуги и лекови де се плаќаат де не се плаќаат, отпуштање од работа па враќање на работа, трансфери на дрога преку нашите граници, одметници од други држави кои лесно ја преминуваат нашата граница и во името на ослободителна војска ги заробуваат нашите граѓани, разнебитување на стопанството, распродажба на витални капацитети, платенички трансфери на пратеници.

Еве, конечно Владата не почести со најсрамното нешто што можеше да му се случи на овој народ, аферата прислушување. Владата си зема за право,

спротивно на Уставот на Република Македонија, спротивно на законите да дозволи масовно прислушување телефонски разговори на актуелни и поранешни функционери, новинари, пратеници и граѓани, нешто што е најспротивно на законските одредби, демократските процеси и спротивно на остварувањето на основните човекови права, нешто невидено и непрактикувано во функционирањето и работењето на институциите на системот и безбедноста на државата. И што имавме прилика да видиме и слушнеме еве веќе еден месец во врска со оваа најголема афера во нашата држава?

МВР уште од првиот ден ги демантираше тврдењата дека таму не се врши прислушување, па топката ја префрла во наводно испитување за постоење на паралелен систем за прислушување и замислете тој паралелен систем бил под контрола на СДСМ.

Од друга страна, констатација е на Собраниската комисија овде, дека во Република Македонија единствено МВР има и тоа располага со опрема за прислушување на фиксната и мобилната телефонија. Па на кого МВР ги упатува изјавите дека прислушувањето претставувало не само најгрубо прекршување на слободите и правата утврдени со Уставот и законите, туку би претставувало и злоупотреба на функциите на одговорните лица во МВР.

Владата за време на целиот овој период се однесува како оваа афера да не се случува во нејзината држава. Премиерот започна со изјавата дека обвинувањата за прислушувањето ги доживува како обид да му се расипе роденденот. Навистина, за друг пат треба да се внимава, со вакви ситници не треба да човекот да му се расипува роденденот!

(Во меѓувреме претседателот Стојан Андов влегува во салата и седнува на претседателското место).

Или, што ќе рече премиерот, во оваа држава има многу структури што можат да се пофалат дека имаат можност да прислушуваат и да следат, а министерката Димовска не можела да биде одговорна. Значи, во оваа држава секој може да прави што сака, а надлежните органи за тоа не можат да бидат одговорни. Тоа што странските дипломати и укажуваат на Владата дека е нејзина обврска да спроведе процес кој би допрел до сржта на проблемот со прислушувањето, за оваа Влада не е битно. За оваа Влада исто така не е битно дека странските дипломати порачуваат Владата да ја преземе контролата врз процесот на прислушување и на транспарентен начин да истражува правично и до колку некој го прекршил законот треба кривично да се гони и одговара. Но вакви укажувања не и се потребни на Владата, нејзиниот премиер го реши проблемот, тој го откри случајот. За Владата Бранко Црвенковски останува единствениот во кој се сомнева Владата дека вршел или нарачувал прислушување. Значи, премиерот го реши случајот, се стави во целосна заштита на својата најблиска соработничка, со образложение дека не гледа политичка одговорност кај министерката Димовска, а вината ја лоцира во опозицијата или поточно во СДСМ односно нејзиниот лидер Бранко Црвенковски.

Треба ли на оваа Влада да и се нагласи дека демократските земји во вакви случаи МВР е одговорно, дури и да е точна нивната теза за паралелен систем за прислушување, затоа што дозволиле да има таков систем и не го попречиле.

Но, да е проблемот само во Владата, пак некако би се разбрала барем борбата за одржување на власт. Случајот со прислушувањето покажа дека во нашата држава не функционираат цели системи. Никој не се ангажира да свика итна вонредна седница на Собранието на Република Македонија, иако поради ваквите барања скоро цела опозиција е надвор од салата за седници. Претседателот на Собранието прво вети дека ќе свика итна седница на Собранието, по доставување барање за таква седница, а потоа работата се разводни и отпочнаа да се бараат разни услови за закажување на седница, се побара дури и обвинителот со судска одлука да ги земел материјалите од Црвенковски, па после тоа да се расправало на седницата.

Господа, на секој му е познато дека Парламентот не може да се стави во служба на извршната власт. Очигледно, власта нема интерес овде во Парламентот да се расправа за прислушувањето, а со тоа покажува дека и таа е инволвирана во прислушувањето, а Парламентот тоа и го овозможува. Никој не го интересира тоа што Евро Парламентот побара Парламентот на Република Македонија да донесе посебна резолуција во врска со прислушувањето. За разлика од Парламентот и Владата, Јавниот обвинител во почетокот убаво ни ги иситира уставните и законските одредби и најави, ако има основа дека ќе биде покрената кривична постапка. Каква основа се бара од она што веќе и децата го знаат, не знам, но знам дека наместо Обвинителството уште од

првиот ден да ги блокира и пломбира сите техники со кои има можност да се прислушува, тоа дозволи работите да се разводнат, дури и да се закaнува на сведоците, дозволи да се избришат трагите, да се заташкаат сторителите. Со еден збор, Обвинителството исто така се стави во служба на власта. Тоа очигледно нема слух за „Големото уво".

Еве, да спомнам и тоа дека Обвинителството побара документите од прислушувањето да биле со печати оригинални, да биле заверени, нумерирани, па тогаш да ги проучувало. И врапчињата знаат дека во обавувањето на ваквите работи не се оставаат траги, а сите очекуваа одлука на Обвинителството кое требаше да пресече дали има елементи за отворање на судска истрага.

И на крајот, еве веќе имаме и оставка на министерот Димовска, иако задоцнета, но сепак може да се каже никогаш не е доцна. Образложенијата на оставката колку и да се искрени оставаат сомнеж, прислушување имало, но тоа не било од политички и идеолошки причини. Добро, ете тоа ќе остане понатаму да се елаборира, докажува и истражува. Ако оставката ја гледаме од една друга димензија, таа содржи една сериозна и загрижувачка порака. Впрочем, и целта на оставката не е расчистување со прислушувањето, а порачката на оставката е сосема друга. Во оставката како загрижувачки факт се потенцира дека безбедносните структури во нашата држава, според структура и кадровски, произлегуваат од стариот систем, па тие стари структури биле политички инструментализирани од страна на СДСМ со деструирање на безбедносниот систем. Оваа порака господа и барањето на коренити реформи на безбедносните органи, колку и да значи желба за помодерен безбедносен систем, најмногу значи строго и комплетно партизирање на безбедносните органи, да се има се во своја рака и да не се изнесуваат на виделина валканите алишта.

Што би се рекло како завршница?

Прислушувањето на телефонските разговори е масовно и политички мотивирано, со фактот дека се прислушувани голем број личности, а тоа главно се политичари, носители на јавни функции, пратеници, новинари, партии и граѓани. Ваквите методи не се во функција на натамошниот развој на демократијата на нашата земја и не се во функција на наше вклучување во европските е светските текови. Овој чин не оддалечува од европските стремежи. Македонија во светот се легитимира како типична партиска, полициска и тоталитаристичка држава и да очекуваме дека меѓународните фактори најостро ќе не осудуваат. Прислушувањето е отсликување на неспособноста на актуелната власт за чесно водење на државата. Овој случај докажува дека власта не само што не верува никому, туку таа не си верува ниту на себе.

**КИРИЛ НАСТЕСКИ:** (Продолжение)

Власт што дозволува и се занимава со прислушкување, нема перспектива во која и да било држава, Владата уште од првиот ден требаше да си даде оставка. Несоборливи се фактите дека постои основно сомнение актуелната власт ја извршила оваа валкана работа или пак не ја спречила истата, па ова прашање не може да заврши само со оставката на министерот Димовска, затоа што е совршено јасно дека овие работи таа сама не ги направила, туку во согласност со нејзините наредбодатели.

Оставката, иако произлегува дека е блеф, сега отворам можност за утврдување на целосна одговорност на Владата, затоа што повеќе од очигледно е дека Владата и ресорниот министер ќе треба да ја понесат одговорноста. Очигледно е и неопходно аферата прислушување мора до крај да се открие и да заврши. Лицата што се директно инволвирани во аферата да понесат целосна одговорност, разврска да има и пред судските органи. Само на ваков начин граѓаните ќе ја вратат довербата во системот, а конечно ќе профункционира и судската држава, правната држава. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Процедурално се јави за збор г-динот Александар Талевски.

**АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ:**

Господине претседателе, со оглед на бројот на пратеници во салата, предлагам да ми дадете пауза за ручек.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само да напоменам дека во постапката за свикување на седница се е во склад со деловникот и прописите кои го уредуваат работењето на Собранието. А, што се однесува до притисоците кои се вршеа на претседателот на Собранието да отстапи од таквата постапка, јас ги одбив тие притисоци, се разбира, спремен сум на тоа и да останам. Тоа е прво.

Второ, им препорачувам на сите пратеници во своите излагања да не се врши притисок и на јавното обвинителство,

бидејќи никако на друг начин не може да се фати изјавувањето на недоверба на предмет кој е во постапка. Сега, ако нешто треба да се направи, треба да се направи нешто друго и тогаш треба да се остават правосудните органи да работат.

Предлагам пауза до 15,30 часот. (По паузата).

(Седницата продолжи со работа во 15,55 часот).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Можеме да продолжиме. Имаме 62 пратеници во салата.

Продолжуваме со претрес по Информацијата за констатациите и сознанијата на Комисијата за надзор над работата на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање во врска со масовното прислушкување на разговори на носители на јавни функции, новинари и граѓани на Република Македонија од страна на државни органи,

Збор има г-дин Мирко Иванов.

**МИРКО ИВАНОВ:**

Почитувани колеги пратеници, денешната расправа на седницата на Собранието е многу инспиративна. И тоа по неколку основи.

Имено, прислушувањето како повод е згодна прилика да се проговори за безбедноста на Република Македонија. Каква е безбедноста на земјата денес? Нестабилна, со елементи на натамошно влошување. Зошто? Затоа што државните механизми се премногу троми, дезорганизирани и нестручни. Во спротивно би можеле да констатираме дека состојбата е поволна.

Власта милува да зборува дека состојбата кај нас е стабилна? Да се согласиме дека е така. Но, каде да ги вклучиме состојбите на напад на полициските станици, на возовите, на претепувањето на недолжните граѓани, на мноштвото „узбуни" за подметнати бомби, за масовното прислушување, за киднапирањето на новинарите, за граничните инциденти, за масовното незадоволство од „реформските" решенија на министерот за образование, за блокираноста на третиот сегмент на власта - судската и незаинтересираноста на надлежниот министер. И се така'.

Почитувани колеги, пратеници, коалицијата „промени" на последните парламентарни избори Република Македонија ја проектираше како земја во која преку реформите на институциите ќе обезбеди демократија. Патот за демократизација, несомнено е, преку демократизацијата на институциите и преку зголемувањето на нивната компетентност и ефикасност. Дали изминатите две години во Македонија се истрајува на таквата определба? И на врапците на гранките им е јасно дека тоа е само гола декларација. Во Македонија, најголемиот број на новите функционери, или со незавршено образование или се пак, со несоодветно образование. Ако не е така, како може да се случи човек да умри во полициска станица. Имено, не така одамна, скоро пред една година, згасна еден живот на наш граѓанин, кој беше предмет на обработка на македонската полиција. Скоро нецела година по тоа, врз стражарот во кумановската фабрика да се врши физичка тортура се врши невидено физичко насилство. Уште погрозна е состојбата со тортурата на граѓанинот Саити. Нему не само што не му е почитуван физичкиот интегритет, тој едноставно е изедначен со предмет. Таквото однесување се граничи со човечноста. Тоа е резултат на новата филозофија во Министерството за внатрешни работи. Дирекцијата за државна безбедност, очигледно применува методи што беа карактеристични само за тоталитарните политички полиции од фашистичка и сталинистичка провиниенција, туку таа, објективно ги надминува нивните домети. И замислете, за таквата тортура одговорни се само оние што ги спровеле наредбите. Тие што ги дале или влакно не им фали или се унапредени за државни секретари. Во духот на демократскиот развој нели.

Во изминативе две години, се зголеми и нивото на несигурност на граѓаните во Македонија. Имено, македонските полицајци се претворени во глинени гулаби. Тие се неподвижна мета на разните пара и други воени групации. И тогаш кога ќе се предупреди дека во Република Македонија маршираат разни паравоени групи и единици и тогаш власта за тоа ја обвинува опозицијата. А работите стојат поинаку. На граница на нашата територија, непознати сили ни заробуваат војници, а пред некој ден и новинари. На укажувањата дека безбедносната ситуација ни е ровита, власта едноставно се брани: опозицијата е нестрплива - сака да се врати на власт. При тоа позицијата заборава, дека опозицијата во парламентарниот систем е инструмент за контролата на власта, а не институција за декор. Но како се однесува

оваа власт кон неа, таа очигледно е дека повеќе сака таа да е токму таква.

Досегашното функционирање на институциите во Република Македонија укажуваат дека власта сака институциите да се цел сами за себе, односно средство и инструмент со кој ќе се загорчи животот на обичните луѓе. И така, ние имаме состојба кога граѓаните се шокираат со енормните цени на здравствените услуги, се врши кастрење на управата во служби што немаат управен карактер, се намалуваат платите на најумниот дел од општеството - Универзитетот, се кастрат вработените во научно - истражувачките институции, едноставно се руши македонската држава по рабовите кои ја означуваат нејзината самобитност и самостојност. Од Република Македонија остануваат само сенки.

Почитувани колеги пратеници, во Уставот на Република Македонија, во член 17 запишавме дословно: се "гарантира слободата и тајноста на писмата и на сите други облици на општење. Само врз основа на одлука на суд може да се отстапи од начелото на неповредливост на тајноста на писмата, ако е тоа неопходно за водење на кривична постапка или тоа го бараат интересите на одбраната на Републиката".

Наспроти таквата уставна гаранција денес во Собранието на Република Македонија констатираме дека во неа има прислушување. И не само тоа, тоа се прави настрана од законската процедура, со усмени наредби. Едноставно како во најнедемократските режими. Македонија се третира како земја без институции и власт. Како личен имот. Кој е тој што во Македонија може да има големи уши?

Врв на кршењето на Уставот е неговото непочитување. Граѓаните на Република Македонија се сведоци дека тие масовно се прислушувани. Власта, сака да знае што работат и што мислат граѓаните за неа. Таа недозволено, без арам и перде им ѕирка на граѓаните во домот, во интимата, во приватноста. Несомнено дека тоа е врв на цинизмот на оваа власт кон определбата за изградба на демократско општество. Навистина на таквата практика може да му позавиди еден Хазјаин, Чаушеску или Хоџа или на нив сличните тоталитарно ориентирани водачи. Несомнено, тоа е потврда за тоталитарните пориви на антикомунистичките расположени квази демократи од Република Македонија олицетворени во лицето на г-динот Љубчо Георгиевски и г-цата Доста Димовска.

Врв на „демократскиот сенс" на двоецот Димовска - Георгиевски е аферата "прислушување" на јавни и политички личности. Нас, но и граѓаните на Република Македонија, г-цата Димовска не информира дека "веднаш по избивањето на аферата", во согласност со нејзините „надлежности, се преземени сите законски мерки за расветлување на случајот" и дека „не постојат околности, факти и докази со кои би се потврдило дека од страна на МВР, со злоупотреба на овластувањето на службените лица, е вршено масовно прислушување на разговори на вршители на јавни функции, новинари и граѓани на Република Македонија". Значи обезбедено е во овој месец и да се отстранат сите траги кои би потврдиле за тоа дека имало прислушување. Наместо, да ја прифати субјективната одговорност, таа се служи со обвинување дека против неа се води хајка од страна на припадници на опозицијата, поранешни високи функционери во безбедносните структури на државата и поранешни високи функционери во југословенскиот политички врв од времето на едноумието кои се ставени во функција на политички и на разузнавачки цели во интерес на странски држави.

Значи г-цата Димовска, знае дека некој е во служба на странските држави, ама тоа не ни го соопштува. Се поставува прашање зошто? Затоа што ќе ни открие дека и некои други работат на тоа поле? Или можеби, некој ќе побара одговор и за некои почести излети на нашите високи функционери во соседството, за разните облици на оспособувањето на кадрите во разни центри во соседството и на тоа слично. Пример, Огњановски во Бугарија.

Почитувани пратеници, за една година од министерувањето на г-ца Доста Димовска се случија настани што ќе зборуваат за нејзината „успешност". Да ве потсетам само на некои од нив, како што беше загинувањето на четворицата полицајци во Арачиново, потоа, ракетирањето на полициските станици во Осломеј, Тетово и во Куманово, во поново време и на „Теарце" каде загина еден полицаец, масовните појави на тревоги за „подметнати бомби", тортурата врз недолжните граѓани, заробувањето на новинарите во Танушевци, скандалот со прислушувањето и безброј „успеси". Но, би биле нескромни и доколку не одбележиме и некои извонредни резултати. На Димовска и се случија и неколку „ѕвездени" моменти, особено во сферата на набавките. Во нејзино време, а и по неа, полицајците ќе се сеќаваат на неа по новите униформи и модните ревии во Владата, по луксузните

„крајслери", по скапата техничка опрема. Граѓаните, пак, тоа ќе ја паметат по огромните камати од неповолниот кредит што за тој луксуз ќе се плаќа од државниот Буџет во следната деценија.

Не таа се прослави и по мноштвото кадровски разместувања според партиската препорака. Тоа несомнено ја потврдува како успешен „кадровик и политичар". Од нејзината „успешност" Македонија, наредните десетина години ќе ги трпи последиците.

Г-цата Димовска неодамна изјави дека кај нас постојат луѓе чии „рацете им се намачкани со крв". Таа, денес, нам и на македонската јавност треба да ни објасни како е можно низ земјава слободно да шетаат луѓе за кои таа тврди дека „рацете им се намачкани со крв"? Сака да ни каже дека е добро што сме живи. Значи ли тоа јавно признание дека таа е неефикасна и не може да ги стави како што вели таа, луѓето чии „рацете им се намачкани со крв" на „местото" каде што судот врз основа на законот ќе им го определи. Тоа е потребно, за да ни објасни како да ги разликуваме добрите од лошите стари структури, не само заради тоа што и овде и насекаде, и меѓу нејзините партиски колеги, меѓу денешните и поранешните, меѓу минатите и актуелни политичари се или нивните блиски се резултат на стариот систем. И министерката во оставка Димовска е човек од едноумието, некогашна „другарка", асистентка по предметот марксизам социјалистичко самоуправување, а денес госпоѓица министерка во оставка, припадник на конзервативна политичка ориентација. Од тој агол, каква е нејзината улога, колку според нејзиниот вредносен ориентир кадрите, од едноумието, не само во опозицијата, туку и во позицијата се луѓе што ги запираат реформите и работат во интерес на туѓи цели?

Република Македонија е презаситена од предавници, шпиони и агенти. Има ли нормални луѓе во оваа наша Македонија?

Почитувани колеги, со избувнувањето на аферата прислушување, министерството за внатрешни работи се појави со соопштение. Ова државната институција, тврди дека "СДСМ располага со паралелен систем на прислушкување и снимање на телефонски разговори, заради монтирање случаи со политичка заднина и компромитирање на МВР". Оваа констатација упатува на неколку отворени прашања:

1. Дали државната институција надлежна за безбедноста на граѓаните, посебно обезбедувањето на тајноста на комуникациите, не штити не само од "сопствените палавковци", туку и од паралелните "воајери"?

2. Дали ваквата порака е дека МВР не ја контролира состојбата во Македонија и дека покрај "проскрибаниот СДСМ" во Земјата егзистираат и безброј други паралелни системи за "прислушување и снимање на телефонски разговори"?

3. Зошто тогаш Македонија издвојува нешто повеќе од 13% од Буџетот за таквите институции? Ваквиот став имплицира дека Македонија е "вистинска мека" за разузнавачките системи, дека со даночните обврзници и со сите граѓани постапува кој како сака, а државните органи глумат "власт"?

4. Дали со Македонија владее некој кој е далеку од окото на јавноста и јавната контрола?

5. Дали се чувствува некој одговорен за ваквите состојби?

6. Кој всушност владее со Македонија?

Очигледно е дека оваа Влада не владее со Република Македонија. Со неа владее некој друг.

Од досегашното излагање се поставува централното прашање. Дали оваа Влада, а и Министерот за внатрешни работи ја уживаат довербата на ова Собрание и граѓаните. Чувствуваат ли тие и субјективна одговорност, за се што се случи во Земјата во изминатите две години. Доблесна е идејата за оставка. Но таа е локализирана. Несомнено дека за сите овие проблеми најодговорна е министерката, но очигледно, тука пред се одговорна е Владата и нејзиниот претседател.

Доблесно е согласно европските традиции и принципи и вредности. владател да си поднесе оставка, или пак Собранието да и изгласа недоверба. Останатото е само замаглување. Продавање магла. А таа повеќе или помалку го разјадува здравото јадро на секоја земја.

Оваа земја и иднината нејзина е одговорност на сите нас без разлика дали сме опозиција или позиција, без разлика на идеолошката политичката, етничката, религиската различитост, на половата и возрасната различитост. Денес имаме можност да ја манифестираме нашата доблест, да ја разрешиме оваа неодговорна Влада. и народот да ја довери на друга

Влада која ќе ја води одговорно оваа држава. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави г-дин Горанчо Трајков.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван господкне претседателе, почитуван господине премиер, колеги пратеници.

После толку крв, Сталинизам, фашизам, навистина, малку е непријатно да се говори, меѓутоа, таква ни беше среќата и навистина не би сакал да реплицирам на претходниот говор на мојот колега и би сакал на целиот проблем да му пријдам малку од практичната страна.

Најнапред, малку околу аферите или околу она што е пракса во светот со аферите. Би сакал само да констатирам дека аферите ги имало и во подалечното и во поблиското минато, ги има и сега, а ќе ги има и во иднина. Меѓутоа, што е она што е од прилика заедничко за сите афери кои што се случувале овде, откако се откри оваа афера со преслушувањето постојано се спомнува Вотергејт, јас би спомнал дека имаше и минатата година афера со претседателот Клинтон, со бившиот претседател на Германија Кол итн.

Првата работа која што ги поврзува сите овие афери е што речиси во сите афери ги пронајдоа или ги објавија новинарите. Кај нас, можеби ќе се воведе некоја нова пракса, афера од ваков тип, да ја објавува никој повеќе, туку шефот на главната опозиционата партија во државата.

Следната работа која што е заедничка за сите други афери е што сите имаат своја завршница. Што значи дека секоја афера и Вотергејт и аферата со Клинтон и другите афери имаат своја завршница. Што значи, се објавува афера, меѓутоа, пред да биде целата оваа афера објавена се обезбедуваат докази и аферата на крајот добива своја завршница или аферата веќе не е афера, туку е нешто што е докажано. Кај нас досег барем во овој период од кога беше објавена аферата, невидовме ниту еден доказ дека ова прислушување произлегува од институциите на системот. Досега, немаме. Имаме најави дека имаме некој сведок крунски или незнам каков, но конкретно нешто немаме видено.

Сега, јас би сакал да направам едно поврзуваше помеѓу аферата Вотергејт и нашата афера, меѓутоа, не од аспект на тоа што содржат аферите, туку од аспект на технолошкиот развој во моментот на откривањето на аферата. Значи, аферата со прислушувањето во Република Македонија се случува речиси 30 години после аферата Вотергејт. Не е во ред да споредуваме две афери, ако имаме предвид дека за 30 години, ако нешто во светот има највеќе отидено напред, тоа е развојот на техниката. Значи, она што го имавме кај аферата Вотергејт и она што го имаме сега се две работи, кои што практично не можат воопшто да се споредуваат. Значи, денес имаме една далеку пософистицирана опрема. Јас мислам дека и вчерашниот ден беше напоменато, мене ми е жал што компетентен човек од таа област не е прифатено да учествува во разрешувањето на случајот да се каже што се сега се може со техниката, која што е на располагање. Ние, можеби во Република Македонија не располагаме со се она што го има во светот, меѓутоа, практично во целиот свет постои доста напредната технологија во овој дел. Што значи може да се прислушкува и во фиксната и во мобилната телефонија.

Јас би сакал само да кажам дека благодарение на целата техника како што ја има сега, може да се прислушкуваат разговори, не од институциите на системот, како што се наведуваше од Министерството за внатрешни работи, туку практично, може да се врши прислушкување и од друга страна, користејќи ги сите техники кои што стојат на располагање. Така, да речеме, со еден влез во системот на телекомуникации може да се набљудува комплетно целата фиксна телефонија во Република Македонија преку еден персонален компјутер. Тоа е едната работа.

Втората работа, за која што искрено верувам дека Владата не е замешана, се голем број на упади, кои што можеме и да ги докажеме. Ние бевме сведоци и на телевизии и во весници постојано да слушаме како одредени наши граѓани плаќаат сметки за кои што тврдат дека не се нивни. Дали биле закажувани на жешки линии или разговори. Сега, пред многу кратко време имаше изјава на наш граѓанин, кој што во деталната сметка му беше дека има разговарано со Блискиот Исток. Што значи дека некој, фактички има влезено во неговата линија и му има направено поголема сметка. Ако некој може да му влезе во линијата и да му направи голема сметка не е проблем и да му ги прислушкува разговорите. Јас сметам дека Владата за 19% ДДВ на жешките линии нема интерес да врши упад некому, значи, некој од други побуди врши влез во одредена приватна линија и прави сметка.

Истиот тој може да влезе на истата линија да не се вклучува на одреден друг број и да врши прислушување. Тоа постои во Република Македонија и е факт и сето тоа е докажано. Што значи таква можност постои, да не се занесуваме дека единствено место од каде што може да се прислушкува е МВР.

Следната работа е околу мобилната телефонија. Јас би сакал оние што имаат мобилни телефонии, сите знаат, меѓутоа, сепак би сакал да повторам. На еден апарат може да му ја смените картичката и истиот тој апарат, доколку претходно се јавувал на одреден број, ако му се смени картичката може да се јавува на различен број. Што значи апаратот реагира на било која картичка. Значи, целиот проблем е во картичката, сега оние кои имале проблеми со картичките знаат дека кога ќе се јават за да им биде отстранет проблемот после давањето на сопствената лозинка добиваат еден број кој што се нарекува ПУК и врз основа на тој број кој што е всушност електронска шифра на сопствената линија, се врши поправката. Што значи, доколку ја имате само ПУК-от на одреден мобилен број вие веќе можете автоматски да лоцирате паралелен телефонски приклучок од кој што ќе вршите приклучување. Значи, за разлика од фиксната телефонија, каде што е може би малку покомплицирано прислушкувањето веќе во мобилната телефонија имаме релативно едноставен начин на прислушување, кој што верувам дека ниту кошта многу пари и може да се најде целата опрема на интернет за многу мали пари. Значи, реално од она што го имам јас како сознание, може да се прислушкува и од друга страна. Прислушкувањето не мора да биде само од МВР. Тоа е едната работа.

Следна работа е да се направи сценарио за прислушкување. Тоа сценарио од прилика би изгледало вака. Бидејќи ние имаме од прилика десетина луѓе кои што постојано се вртат во тие телефонски разговори, зошто тие десет луѓе и претходно не би се договориле, па секој телефонски разговор да го запишуваат и потоа нормално да го става на лист хартија.

Е, сега околу листот хартија. И, проблемот, мислам дека имаше кажано и за одредени фонтови, дали незнаеше човекот што е фонт, и каде се наоѓа. Инаку, фонт е за формата на буквите на компјутерот.

**ГОРАНЧО ЛАЗОВ:** (Продолжение)

Сега малку околу листовите и тоа што пишува во листовите. Значи не е никаков проблем, ако некој знае како изгледаат тие обрасци, а знаеле како изгледаат, бидејќи долго време имаат работено таму. Сето тоа што го имаат запишано да го стават на тие листови хартија, бидејќи ќе биде валидно дека навистина одговарале.

Што значи теоретски гледано сето тоа е можно. Исто како што е можно дека е прислушкувано од страна на МВР. Ова е од прилика што можело да се случи.

Сега околу самото обелоденување на аферата и каде е овде несериозноста на опозицијата и сето тоа што таа го изложи како аргумент Постојано се споменува, а и во медиумите постојано се спомнуваше крунскиот сведок и неговата заштита.

Доколку имавме сериозна опозиција, нормално дека таа сериозна опозиција, претходно мораше да направи одредени подготовки. Доколку РМ нема програма за заштита на сведоци, а тоа го нема, редно беше таа тоа да го подготви. Имаме пратеници од опозицијата, легитимно се предлагаат сите закони и можеше да се припреми таква измена на законот, што можеа да ја предложат во Собранието и доколку Собранието не ја усвоеше, тогаш ќе има аргументи дека ние не сакавме нешто да усвоиме. Тоа за жал, не се случи. Сега се повикуваме на одредени законски решенија, дали претседателот имал право, или немал право, итн., меѓутоа ако опозицијата беше сериозна и ако навистина, имаше докази, можеше тоа да го направи однапред и сега да имавме чиста ситуација. Меѓутоа, ова за жал не беше направено и ние го имаме ова што го имаме и едноставно доколку обвинуваме без аргументи, можеме само да се претвориме во нешто, што верувам дека никој во РМ нема да сака да се претвори, а тоа е класично инквизиторско размислување. Што значи, јас мислам дека тој мисли лошо. За жал, тоа се случува во РМ и не е прв пат некој да се обвинува за разни афери и аферички итн., без притоа да биде даден ниту еден единствен валиден доказ.

Да се разбереме, јас повторно ќе повторам. Аферата и Вотергејт и аферата со претседателот бивши на Америка беа расветлени, врз основа на цврсти докази, кои што во тој правен систем важат. Истото можеше да се случи и кај нас, доколку сето тоа беше однапред добро испланирано. За жал, денеска единствено што можеме да констатираме и јас би се согласил со она што премиерот вчера го изложи, единствен виновник е тој што ги изнесе податоците, доколку не докаже дека другата страна прислушкувала. Имаме факт дека луѓето се прислушкувани. Тие кажаа дека нивните разговори се автентични.

Сега би сакал да кажам едно мое размислување, што всушност би требало да произлезе од оваа седница, која денеска сигурно нема да заврши, можеби ќе трае уште неколку дена, а со што ќе мора сите да се согласиме, а тоа е неизбежната промена во Уставот на РМ и создавање на правна рамка, за да се заокружи прислушкувањето, бидејќи на сите ни е јасно дека оваа форма мора да постои, бидејќи имаме и разни тешки облици на криминал и облици на вршење на одредени дејствија против државата, кои што едноставно, нема друг начин да бидат следени, освен на овој начин и овде треба да бидеме единствени и да ја направиме таа измена во Уставот и следствено на тоа, веднаш донесување на закон, зошто сето тоа ќе се формализира.

На крајот, само уште малку, бидејќи вчера беше поставено едно прашање, а за тоа прашање никој не даде одговор и јас би сакал само накратко да одговорам на прашањето каде се трошат моите пари.

Бидејќи дискутантот што тоа го праша, не даде одговор, јас ќе му дадам одговор каде се трошат моите пари. Моите пари се трошат да ги отплаќаме кредитите, со кои некој ја задолжил РМ, кредити од кои 40% никогаш нема да бидат вратени, кои ние ќе мора да ги враќаме. Моите пари се трошат, да ги платиме парите на пензионерите кои се вратени со судска одлука, се трошат за враќање на заробените девизи, кои што им беа земени на граѓаните, се трошат и за многу други работи, кои што беа направени во минатото. Меѓутоа, наша среќа е што оваа Влада, само во 2000-та година, бидејќи во 1999 год., имавме војна на северната граница, направи толку многу што останаа пари да имаме едно рекордно одлевање, односно рекордна сума на пари, која што е вложена во образованието, во здравството и во сите сегменти од живеењето. Се надевам дека така ќе продолжиме и во 2001 и 2002, 2003, 2004 и 2005 година итн.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави г-динот Илија Лазаров.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитуван претседателе на Владата, претставници на Владата, колеги пратеници, јас редовно кога одам во црква, покрај другото се молам: "Господи, дај им ум на противниците, на непријателите, на опонентите", бидејќи полесно човек ќе се разбере со луѓе на кои не им недостасува ум. Сум заговорник што е ова што се случува, околу оваа афера, која што ја протежираат г-дата од СДСМ да добие судска завршница, за која што се и најквалификувани луѓе. Така беше лето господово 1998 година, кога СДСМ ги изгубија парламентарните избори, а со тоа и власта. А нивниот лидер г-динот Бранко Црвенковски изјави дека сега ќе се свртат кон народот и ќе бидат конструктивна опозиција. Јас не верував, бидејќи уште еднаш по истекот на првите сто дена, од тој загарантиран грејс период на Владата на г-динот Љубчо Георгиевски, лидерот на СДСМ г-динот Бранко Црвенковски најави дека ќе нема трпение да ги дочека парламентарните избори во 2002 година. Така, уште во мај 1999 год, г-динот Бранко Црвенковски и неговиот СДСМ го организираа првиот митинг во Скопје, на кој побараа веќе оставка од премиерот Георгиевски. Одтогаш наваму, партијата на СДСМ која додека беше на власт зборуваше дека уличната демократија и уличната политичка борба им се туѓи, неколку пати се обидуваше со случувањата на народот да ја урне легално избраната власт на поднародот на г-динот Љубчо Георгиевски.

Во периодот од 1998 год, па наваму, се одржаа претседателски и локални избори. Сеќавањата за немилите и крвави настани од локалните избори, на сите нам ни се верувам, сеуште свежи. До г-динот Бранко Црвенковски и СДСМ од "петни жили" се обидуваа да ја обвинат партијата на власт, мислам коалицијата на партиите на власт, а особено ВМРО-ДПМНЕ и ДПА, како главни носители на насилството на избирачките места. Но, тоа се нивни манири и тие поинаку и неможат. Па се прашувам до каде ќе одат така забревтани.

Г-да пратеници, ниту ние ниту граѓаните на Македонија заборавиле кој ги промовираше рекетарите во своите редови. Случајот "Хардрог", "Аце циганот" и други такви, голема редица, сигурно не се последица на политичко дејствување на ВМРО-ДПМНЕ. Меѓутоа, морам да повторам дека тоа е востановениот манир на политичкото дејствување на СДСМ и Бранко Црвенковски. Монструозните и грди творби од неговите илегални политички лаборатории и смрдливи партиски куќи, да се оставаат пред туѓите прагови. Продолжувајќи го истиот манир, заслепен од желбата по секоја цена и што побрзо да се врати на владеачкиот трон г-динот Црвенковски само пред неколку месеци ја отвори октомвриската берза на пратеници, обидувајќи се со поткуп и лажни ветувања, во некои случаи и со закани и секако, со досегашните партиципиенти во власта,

алтернативците на г-динот Васил Тупурковски, да обезбеди ново парламентарно мнозинство, кое без избори, би му ја вратило толку посакуваната власт.

Одкако "0ктомвриската револуција" на г-динот Бранко Црвенковски и СДСМ не успеа, заедно со лидерот на ДА, г-динот Васил Тупурковски, во истиот манир, веројатно наследен од бившата партија Сојуз на комунистите на Македонија, повторно го обвини премиерот Љубчо Георгиевски и ВМРО-ДПМНЕ дека тргуваат со пратеници, дека применува закани и уцени. Единствено што може да им се признае на социјалдемократите е дека не се откажаа од обидите, по секоја цена да се урне власта. Јавно изјавија дека ќе продолжат да применуваат сценарија од нивната азбука, која очигледно не е кирилица, можеби да е тајванска, можеби и некоја друга ним позната. Меѓутоа, никој неможеше да предвиди, дури и најсмелите прогнозери, со изразена орловска карактеристика, дека тој ќе посегне и по највиталните структури во државата, како што се тоа безбедносните.

Луѓето, едуцирани и негувани во комунистичката традиција која создаде неколку десетици илјади досиеја, пишувани на наводно држави непријатели на кои денунцијацијата, следењето, поткажувањето, прислушкувањето, прогонувањето на истомислениците им е наследена особина Во своите политички лаборатории создадоа уште една монструозна творба, аферата прислушкување.

Ставајќи своите лични и партиски интереси над државните, лидерот на СДСМ Бранко Црвенковски, ги злоупотреби своите партиски инсталации во безбедносните структури на МВР, за креирање на "македонскиот вотергејт", во кој веруваше дека прво ќе падне министерката за внатрешни работи г-ѓата Доста Димовска, а по нивно сценарио оставката на премиерот би била само прашање на време. Знаеме, дека дури тие беа на власт на каков начин се регрутираа луѓе во МВР.

Јас три пати конкурирав од 1976 до 1979 година, три пати бев окарактеризиран како "потекнува од кулачка фамилија", демек опасен за државата. Мене сеуште тоа не ми е до крај јасно, дали сме земале, или сме давале кулак, меѓутоа, тие нашле таква карактеристика во мојата биографија. Можат за почеток да најдат, јас го видов веќе тоа дека и тоа е опасно за државата и не смеам таму да работам. Мора да е дедо ми, ако не барем татко ми полицаец за да можам да бидам полицаец. Во нивната квази борба за демократија и граѓански права и слободи СДСМ макијавелистички го прекршија и Уставот, објавувајќи ги во јавноста содржините на разговорите на прислушкуваните граѓани. Јас дури како член на анкетната комисија поставив прашање што ќе преземе јавниот обвинител и што ќе превземе првобранителот, за да ги заштити граѓаните, кои без да бидат прашани им беа објавени нивните, најверојатно според мене, интимни разговори. Замислете, ако таму имаше нешто со некоја подруга содржина, можело да дојде и до растурање на бракови итн. Еден од колегите рече:"леле, ако мене ме објават отидов". Веројатно, сметам дека во политичката прашина што ќе се крене по ова брутално станпедо, никој нема да ги забележи жртвите.

Г-да пратеници, граѓани на РМ, зарем не забележувате дека аферата прислушкување е уште една "сина птица", уште едно дувло, уште еден "Хар Дрог", но верувајте, искрено би сакал како граѓанин на РМ, а не како пратеник оваа сценарио и оваа посебна претстава, да бидат последна од валканите продукции на СДСМ. Конечно да сфатат и да се свртат навистина кон народот на Македонија и кон обезбедување подобра иднина на сите кои живеат во оваа држава, како што впрочем порачаа веднаш по поразот 1998 година. по поразот на парламентарните избори.

Во целата оваа политичка "магла" што излегува од лабораторијата на СДСМ, сепак премногу јасно се гледа намерата на главниот творец, одеднаш од прогонувач, да се претвори во прогонуван. Колку и да се преџвакува, преметнува во истата, оваа Бранкова каша, г-да пратеници, неможе да се проголта. Луѓето кои до октомври 1998 година пишуваа нови страници во досиејата на повеќе од половината сегашни пратеници од ВМРО-ДПМНЕ во овој Парламент, за претседателот Љубчо Георгиевски и за министерката Доста Димовска дека ги прислушкувале нивните разговори, најмалку имаат кредибилитет да обвинуваат за прислушкување, за сето тоа што тие го правеле има и валидна документација и автентични докази, со записници од ДБК, со потписи на живи луѓе. Само со такви докази г-да, г-динот Бранко Црвенковски може да се излезе пред лицето на правдата и да се бара судски епилог. За сите одговорни поединци од времето на ваше чело што беа на власт. А и за сега ако има такво нешто од сегашната власт.

Г-да пратеници не смееме повеќе да дозволиме, поради неговите лични амбиции да ја земе во свои раце сета правда, за која смета дека ќе биде негова.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:** (Продолжение)

Наместо г-динот Црвенковски да ја зема во свои раце сета правда за која очигледно смета дека е само негова, не смееме да дозволиме еден човек, макар се викал и Бранко Црвенковски истовремено да биде и обвинител и судија и егзекутор. Првата жртва што ја побара е министерката за внатрешни работи Доста Димовска. Зарем сака да му дозволиме пред завршувањето на судската постапка да продолжи со прозивка од негова страна.

На крајот во интерес на Република Македонија господа пратеници, таков луксуз не смееме да си дозволиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Аце Сајкоски.

**АЦЕ САЈКОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван премиере, почитувани колеги, прашањето за кое денес расправаме прислушкувањето ме наведе да го отворам историографскиот бележник и да се осврнеме на повеќе настани во овој период по кои работи ќе можеме да се присетиме и од каде доаѓа денешното прашање. Од кој аспект наеднаш се присетивме на моментот на изјавата во првите денови на македонскиот политички плурализам кога денешниот пратеник Петар Гошев изјави дека Македонија не може повеќе да биде бановина на Југославија. Тогаш прогресивната македонска јавност, скоро целиот македонски народ со исклучок на партиските организации на Партијата на Гошев го одобрија тој негов подвиг, меѓутоа другите го осудија. Се одржуваа бројни состаноци на партиските организации, а почнаа да се одржуваат и митинзи како што беше во Куманово во салата, а се планираа и се подготвуваа во Тетово, Гостивар, Кичево итн., а веќе пристигна и српската мисија да ги подготвува тие настани. Во тие критични моменти за Македонија се појавија вистинските новинарски пера. Тогаш се изнесе вистината за Македонија. Меѓутоа, тоа многу тешко можеше да се направи, бидејќи цензурата беше многу страшна. Тоа успеавме да го направиме, јас работев во Тањуг во соработка со Мартин Треневски и Слободан Чашуле информациите што ги праќавме во Тањуг на еден необичен начин да се враќаат во Македонија и да ги објават македонските гласила, а и светот да дознае. Тоа го направивме многу успешно, бидејќи имавме некои врски со раководството во Тањуг што успеавме во вечерните часови да ги праќаме информациите за да не бидат редактирани за потоа македонските гласила ги преземат и ги објават. На тој начин успеавме да ги информираме граѓаните за вистинската вредност што ја изнесе Гошев на таа информација. На тој начин успеавме да ги заплашиме и партиските кадри на Гошев, така што Гошев успеа, ако не беа овие информации и Гошев немаше да остане во партијата и како што се случи потоа. Во наредниот период бидејќи плурализмот и новото време што не го препознаа во партијата на Гошев што денес е Социјалдемократскиот сојуз се случија промените, меѓутоа без промените во програмата и ослободување од идеолошките предрасуди тие не успеаја да мрднат ништо повеќе понатаму и затоа останаа на овој степен. Додека денешната опозиција се расправаше и едноставно стоеше на истото ниво, новата прогресивна сила што се јави по објавувањето на програмата на ВМРО-ДПМНЕ која ги плени срцата на македонскиот народ се појавува на политичка сцена. Првите избори покажаа дека ВМРО-ДПМНЕ победи. Меѓутоа СДСМ остана на власт со единствена желба да не дојде до крвопролевање, бидејќи такви беа условите, тогаш Армијата тука и се со ред постапно да се дојде до целта. Главни учесници бевме и во можноста да се добие претседател на државата. Гошев изрази желба да се сретне со новинарите кои ја водеа битката за афирмација на македонската вистина. Јас бев тој што отидов да разговарам во Централниот комитет. Го најдов Киро Глигоров, не допатува уште еден претставник за кого Гошев истакна дека е Тројански коњ, присутен е тука во салата, меѓутоа се согледа дека само Киро Глигоров ги потврдува мислењата на Гошев, а тие беа неисправни, едноставно се умилкуваше за да стигне до претседател на државата. Во тие услови кога видовме што може да се случи му понудивме на Васил Тупурковски да стане кандидат со 200 потписи тој тогаш одби да биде кандидат под изговор дека ќе биде член на Претседателството и во наредните четири години, а тоа беа факти од кои видовме со кого имаме работа, дека сите тие не се на тоа државничко ниво да можат да ја водат државата во тие моменти. Единствено што преостана оценката дека ВМРО-ДПМНЕ е таа единствена сила што може да ја оствари единствената желба за слободна држава. Овие моменти ги спомнува како актер во сите тие настани и како актер уште на почетокот во ВМРО-ДПМНЕ и таму ги знаеме уште подобро работите и знаевме

дека ќе стигнеме до целта. Еве како што стигнавме и веќе втора година сме на власт и во Македонија постигнуваме многу: Афирмација во светот, економија и на пат сме да ги оствариме вистинските идеали. Тоа опозицијата го знае и се плаши од успехот што го оствaруваме. Тоа е во суштина и одговорот на прашањето за прислушкувањето. На нив, на СДСМ, на опозицијата им треба како да се спречи тоа, а по кого ќе удрат, ќе удрат по носителите на таа победоносна акција што ја води Македонија, а тоа се министерката Доста Димовска и почитуваниот премиер Љубчо Георгиевски творците на слободна, независна суверена Македонија. Тоа е јасно и не може никој во ништо да го спречи овој од со никакви прислушкувања и со ништо ВМРО-ДПМНЕ нема ништо против СДСМ. Нека се организира, трансформира да стане конкурентна опозиција и заеднички да одиме напред и тоа го правиме цело време. Неодамна преку Љупчо Поповски им се понуди за соработка меѓу позиција и опозиција во која ќе се дефинираат односите во државата за побрзо да се развива државата. Меѓутоа, тие тоа не го прифатија. А зошто не прифаќаат е сосема јасно, на нивна штета, бидејќи сеуште немаат ниту програма, ниту знаат како да одат понатаму. Едноставно се зафаќаат со маргинални прашања колку да се присутни во јавноста. Значи да повторам дека прислушкувањето не е ништо друго, туку да се спречи постојниот од на македонската држава, да се ослободат од творците на слободна, независна Македонија Љупчо Георгиевски и Доста Димовска.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Илинка Митрева.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Г-дине претседателе, почитувани колеги пратеници, претставници на Владата, да имавме парламент со сите нишани на врвна инстанца на демократијата, а не имитација од Парламент, состојба за која и вие г-дине Андов лично имате висок степен на одговорност уште вчера ќе одржувавме итна седница за безбедносната ситуација во Република Македонија со оглед на последните настани на нашата северна граница кои директно задираат во нашата безбедност и во аспектите на територијалниот суверенитет на Република Македонија, а како што сите знаеме и чувствуваме се основа за општа загриженост во земјата. Наместо Парламентот да оди во пресрет на настаните и да и диктира задачи на Владата за што очигледно таа не е во состојба да се справува со настаните, вие г-дине Андов закажувате итна седница за прислушувањето месец дена откако тоа од вас го бараше опозицијата. Несфатлива е вашата индолентност кон настаните од првостепен државен интерес. Купувањето време за махинации од различен карактер му нанесоа уште еден тежок удар на достоинството на највисокиот претставнички дом. Наместо што трошевте време г-дине Андов во препораки до јавниот обвинител за тоа што тој треба да прави, на пример да му го заплени инкриминираниот материјал на СДСМ, или наместо долгите тиради за тоа кој што ви може, или не ви може и како треба да течат парламентарните процедури, вие вашата работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-ѓа Митрева, ве молам зборувајте за ова што е денес на дневен ред. За мене ќе зборувате кога ќе дојде на дневен ред интерпелацијата. Ова ваше зборување е чиста провокација и ќе ве замолам да ја напуштите говорницата ако продолжите така.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Значи ние како Парламент нашата задача по ова прашање сеуште не ја завршивме. Но, вие сте на власт, одолговлекувате, замаглувате, манипулирате. Бидејќи имавме прилика да ги слушнеме образложенијата на Комисијата за надзор над работата на ДБК и на Агенцијата за разузнавање и да ги видиме нејзините заклучоци преку кои во основа се запознавме со некои аспекти на прислушувањето од техничка и технолошка природа со методите и методологијата на прислушувања, со хиерархиската и структурната поставеност во МВР, ДБК и Агенцијата за разузнавање, јас ќе се обидам што е можно покусо да резимирам по ова прашање.

Мистификацијата што се изгради околу скандалот прислушување, цинично но точно поседува и определена привлечна моќ на која тешко може да и се одолее. Според мене таа претставува своевидна стапица поставена од власта. Имено, кога се приоѓа од аголот на детали, се предвидува сржта на проблемот, а тоа е убедена сум масовното прислушување во Република Македонија е еминентно политички чин. Бидејќи власта тоа не го прислушува, очигледно е дека и одговара да влеземе во лавиринтите на детектирања, смета на тоа дека во секој од нас лежи по некој мал и љубопитен Шерлок Хомс, па така трошиме, повторувам г-дине Андов, трошиме недозволена количина време во потрага по одговорите на

прашањата: како, каде, кога. А суштинските прашања нормално тоа беше кажано во повеќе наврати треба да бидат: кој и зошто. На таа стапица се фатија и експерти и новинари и правници, а и ние политичарите. Имавме примери кога врвни експерти стигнаа до апсурдни заклучоци често контрадикторни. Со тоа во крајна линија се релативизира целата афера, се мултиплицираат можностите за прислушување во недоглед според некои искажувања. Испаѓа дека секој во оваа држава, тоа го потврди и премиерот, може да прислушува. Доволно е да се влезе во првата продавница за електроника некаде во Европа и да се купи мала играчка нормално со која што ќе ги задоволиме нашите условно речени перверзни потреби. И со тоа ќе влеземе или ќе го нарушиме безбедниот систем на Република Македонија. Оттаму џабе на силните милиони што МВР ги фрла во купување на софистицирана опрема. Слушнавме и оценки дека не се криви слушачите, тие што слушаат, туку за се е крив Уставот. Значи да беше Уставот како што треба, нема да не слушаа, во што јас се сомневам. Сета оваа папазјанија се разбира некаде диригирана, некаде подржана, некаде толерирана од власта ја исполнува целта. Се свртува вниманието од сржта на проблемот кој да повторам уште еднаш е еминентно политички, а власта во стил што толку убаво и прилега арогантно и невоспитано излегува со оценки искажани од премиерот Георгиевски, од министерката за внатрешни работи Доста Димовска и од портпаролот на Владата Милошоски, а рамо до рамо со нив се и коалиционите ортаци со оценката дека за се е крив СДСМ. Со филозофијата нападот е најдобра одбрана дури и во отсуство на било каков аргумент со застрашувачка леснотија се изведува следната равенка. Министерката не издала писмен налог за прислушувања, нема писмен налог, значи министерката е невина. А бидејќи министерката е невина, а прислушувања сепак има, тоа не може да се сокрие, тогаш некој друг мора да е крив, а тој другиот се знае е дежурниот кривец СДСМ. И не е важно што единствено МВР докажано поседува систем за прислушување не е важно почитувани колеги што СДСМ докажано не поседува такви можности. Па така со истата застрашувачка леснотија, а со цел општата збрка да биде уште поголема стигнавме и до обвинувањата искажани од министерката, а кои што звучат вака, цитирам: "вербалниот тероризам на Бранко Црвенковски не случајно коинцидира со тероризмот на припадниците во МВР, а на што деновиве сите сме сведоци". Вчера нешто слично слушнавме од оваа говорница и од премиерот Георгиевски. Да не заборавиме, сакам да ве потсетам, да ви го освежам сеќавањето на уште повулгарните тиради од страна на портпаролот на Владата Милошоски за бесни тужители и самопрогласени јавни обвинители во комбинација со тврдењето СДСМ наследник на комунистичката партија, понатаму инсинуации за неосталинизам и дијагнози за патолошки болести. Затоа е корпусот на првичните напади што одеа кон СДСМ. Се разбира јас немам намера да навлегувам подробно во мотивите за ваквите изјави било да се работи за паника и страв од страна на власта, или за смислена ароганција едно прашање сепак се поставува. Праќаат ли тие една првична порака и едновремено закана до сите граѓани на оваа земја независно дали се политичари, професори, новинари и слично дека и кога сме сведоци на криминално дело подобро е да молчиме, да не го пријавиме затоа што евентуално можеме да бидеме прогласени во најмала рака за патолошки типови. Сето ова го олеснува се што е претходно наброено, како постапка го олеснува одложувањето на фактичката истрага за скандалот прислушување.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:** (Продолжение)

Така, МВР на пример формира своја комисија да изврши увид во работата на сопствените служби дури пет дена по појавувањето на доказите за прислушувањето. На истражниот судија му беа потребни повеќе недели да го утврди она што е очигледно, а тоа е дека прислушувањата се автентични. На јавниот обвинител Џиков му беа неопходни инструкциите и наредбите од владеачката елита за тоа како да се одвива целата процедура, па и тој се "фемкаше" некое време и праќаше покани, се додека како прислушувана странка и самиот не беше изземен од постапката, со што верувам му падна тежок камен од срцето.

Пред да ги образложам аргументите за политичкиот карактер на прислушувањето, сакам да го дефинирам минимумот факти што никој не ги порекнува, ниту една страна ниту странка ги порекнува.

Прво, неовластено прислушување во Република Македонија има.

Второ, таквото прислушување е неспоиво со демократијата и претставува кршење на Уставот, односно на основните човекови права и слободи.

Трето, виновникот треба да се казни.

Четврто, ... (дофрлање од место).

Пред да се казни извршителот на прислушувањето, имате право господине Стојановски, неминовно треба да се открие. Неминовно треба да се открие. Значи, има прислушување, тоа е антизаконско, треба да се открие виновникот и да се казни. До тука сите се согласуваме и се е во ред.

Каде не се сложуваме? Не се сложуваме со власта дека виновникот е непознат. Според мене, виновникот е познат и ќе го кажам од оваа говорница. Тоа е МВР, односно Владата на Република Македонија.

Второ, за разлика од премиерот Љубчо Георгиевски, што тоа го кажа и вчера, јас сметам дека прислушувањето е извршено од политички причини. Па, белким нема да помислиме дека шеф на држава, претседател на Парламент, вицепремиер, министри, лидери на опозиција, пратеници, новинари и граѓани се прислушуваат, ве молам, од здравствени причини?

Штом се прислушувани луѓе, директни учесници во политичкиот живот на државата јасно се кажува дека мотивите се од политичка природа. Тоа е политичко прашање, пар екселанс, и затоа се бара политичка одговорност, покрај кривичната.

Тврдам уште и дека секое прислушување е политичко прислушување. Сигурно дека нема да помислиме дека, ако се прислушуваат спортистите дека е спортско прашање или ако се прислушуваат писатели дека е литерарно прашање. Но, премиерот ќе рече - според мои сознанија не постои ниту еден политичар кој има свесно или несвесно учество во една ваква афера. Зарем премиерот очекува дека некој политичар лично ќе си ги стави слушалките на сопствените уши? Се разбира и повторно тоа не важи за Бранко Црвенковски, па Георгиевски вели дека тој е единствениот човек кој може да се обвини дека прислушувал во Република Македонија.

Дали се ова свесни или несвесни контрадикции во мисловниот хабитус на нашиот премиер или пак, сепак се тоа обиди за затскривање на сопствената политичка каша. За увид во таа каша, во чие што готвење сесрдно му помагаше министерката Доста Димовска, ќе тргнам од крајот од нејзината оставка.

Во оставката на Димовска, таа сака да ја потенцира етичката мотивираност на оставката, на тој чин. Па, се поставува прашањето каква ли е таа етика кога вчера се виде дека е се однапред режирано, дека премиерот, очекувано од сите нас ја одби оставката на Димовска. Сепак, да исцитираме :

"Барањето за моја одговорност од страна на некои интелектуалци и новинари е глас што допре до мојата совест. Од тие причини, тргнувајќи од мојата длабока увереност дека вршењето на најодговорната функција може да се потпира, пред се, на етичките принципи, а тоа е честа и моралната одговорност, ви поднесувам оставка на функцијата министер за внатрешни работи".

Сега, знаете како, дозволете ми мал коментар. Или во свеста на Димовска тешко се допира, па на интелектуалците и новинарите им требаше цел месец да ја разбудат, или пак, како на секоја добра домаќинка и требаше време за генерално чистење на сметот, на доказниот смет во сопствените одаи.

Јас би рекла дека моралната хипокризија...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ги молам пратениците да си седнат на своите места.

Ве молам да се обезбеди ред во салата.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

... Моралната хипокризија не е најзанимливиот елемент на текстот на оставката на Димовска. На крајот на краиштата зошто би се секирале, зошто би не интересирале моралните дилеми и тоа лажни морални дилеми на министерката?

Меѓутоа она што не интересира и што би сакале да го споделам со вас е следново:

Оставката на Димовска содржи јасно искажани ставови со тешки политички импликации, кои, доаѓајќи од министер за внатрешни работи ги надминуваат димензиите на приватната личност на госпоѓицата Димовска. Цитирам: "Во текот на изминатиот месец се води, до сега, незабележана хајка врз мене, како министер, од страна на дел од припадниците на опозицијата, поранешни високи функционери во безбедносните структури во државата и поранешни високи функционери во југословенскиот политички врв од времето на едноумието, кои што очигледно се ставени во функција на мојата политичка елиминација, и според моите оценки и не само на политички, туку и на разузнувачки цели во интерес на странски држави. Од нивна страна, врз основа на лажни обвиненија е побарана моја политичка

одговорност што за мене е врв на (замислете) морална хипокризија.

Загрижувачки е фактот што во најголема мерка, безбедносните структури во нашата држава, според структурата и кадровски произлегуваат од стариот систем што функционираше во времето на СФРЈ, а тој во континуитет продолжи се до денес, без да се изврши реформа и модернизација на безбедносните структури во кои што, за жал, сеуште се применуваат старите методи". Крај на цитатот.

Почитувани колеги, кога некој тврди дека 10 години од осамостојувањето на Република Македонија еден од најчувствителните организми на секоја држава, МВР, задолжен за безбедноста на граѓаните на Републиката работи, значи МВР работи за странски држави, дека безбедносните структури во најголема мерка и по структура и кадровски произлегуваат од стариот систем од времето на СФРЈ, дека 10 години се до денес судбината на Република Македонија и нејзината безбедност, за нив не сме одлучувале ние туку структури под директна команда на туѓи странски безбедносни системи, заклучокот што министерката го имплицира е следен, мошне тежок: "држава, практично, до сега не сме имале, држава независна, самостојна суверена и наша". Сеуште сме нечија експозитура, како што вели практично и преведено, анализирано Доста Димовска. И, сега се поставува прашањето, бидејќи јас тврдам, нормално, дека тоа се инсинуации што на госпоѓицата Димовска и се потребни во активностите што следуваат, ќе зборувам и за тоа, но сепак се поставува прашањето кому му се упатени пораките што произлегуваат од овој текст на оставката, од овој страшен текст на оставка? Дали на граѓаните на Република Македонија, како своевиден тренинг и подготовка за тоа што треба да дојде или пак можеби пораката е упатена кон надвор, кон некој од нашите, за нас секогаш крајно заинтересирани соседи.

Корените промени што ги споменува Димовска можат да се насетат, да се предвидат, да кажеме кои се тие. Но, текстот на оставката наметнува уште едно крупно прашање. Ако министерката Димовска поседува сознанија дека старите структури, читај југословенски, се во спрега со СДСМ, вршат валкани работи за оваа партија, што повторувам е крајно тешко обвинување, дека постоела сериозна опасност од политичка манипулација на безбедносните структури, спротивно на безбедносниот систем на државните интереси, тогаш зошто таа не го направила тоа што се очекува од еден одговорен граѓанин, политичар и министер? Зошто молчела? Ако овие тврдења имаат основа, одамна тука требаше веќе да работи јавниот обвинител Ставре Џиков.

Но, јас мислам дека намерата е поинаква. Овие незасновани, според мене, тврдења треба да послужат за една поинаква цел. Намерата е да се искористат во една друга акција, зацртана од нејзиниот партиски шеф и премиер Љубчо Георгиевски уште 1996 година. Ќе срушиме се кога ќе дојдеме на власт, рече тогаш господинот Георгиевски. Морам да признавам овие две години се уверив дека Георгиевски покажува завидна доследност во остварувањето на проектот што го најави 1996-та. Карактерот на владеењето на Георгиевски од 1998 година наваму е јасен. Единствената филозофија на неговото владеење е филозофијата на тотална моќ. Идеите и одлуките на Георгиевски треба да се следат без поговор. Неговиот авторитарен концепт оди во насока на правење "табула реза" од која било организирана сила во ова општество. Тоа што ќе се испречи на неговиот пат треба да биде згазено. Неспособен за демократско владеење тој ги презира и се плаши од демократските институции и институти. Партиската книшка станува виза за право на преживување во оваа држава.

Морам да признам, исто така, дека Георгиевски брзо сфати дека демократијата ќе биде основна пречка за оствaрувaше на неговиот амбициозен план да владее 105 години. Зашто, колеги пратеници, 105 години се владее само на еден начин, со тоталитарни мерки, со став и репресии. Може да се прават комбинации, на пример се владее долго време и тогаш државата ќе стане нечиј приватен посед, па ќе си ја ора и копа како своја бавчичка. Или, ќе му се продаде на некој трет, па тој трет ќе го постави за "мајор домус" за управник на државата.

Георгиевски, нормално, ги комбинира овие методи со акцент врз уривањето на улогата, авторитетот и достоинството на демократските институции. Погледнете, на пример, што направи Георгиевски од Парламентот. Граѓаните на Република Македонија со право изгубија секаква доверба во Парламентот како институција и во парламентарците како народни претставници. Успеа од Парламентот да направи кванташки пазар. А, сега, кога ја купи и "помошта на човекот за сите времиња", каде ќе му биде крајот.

Малкумина од неговата партија што се осмелија да му се спротивстават и преминаа во друга партија беа изложени на буквален линч. Парламентот беше деградиран од страна на Георгиевски тогаш кога ги натера пратениците од мнозинството да ратификуваат непостоечки договори, да дигнат рака без да имаат хартии пред себе. Се докажа дека во Парламентот може да се носат и повлекуваат закони. Земете го Законот за високо образование кога сакаме гласаме закон, кога сакаме повлекуваме закон. Тоа е односот на Владата и на Георгиевски кон Парламентот. Парламентот стана маша на волјата на Георгиевски, наместо Георгиевски да стане извршител на парламентарните одлуки. Таков е редот во демократските држави.

И, не само тоа. Се окоми на судската власт. Како што Димовска откри дека МВР е "под капата на СДСМ", така Љубчо Георгиевски откри "дека судството е под капата на СДСМ". Каква хармонија, каква синхронизираност, каква уиграност меѓу оценките на врвните протагонисти во власта. Се разбира дека веднаш проработи принципот на подобност.

Предлозите на Судскиот совет можат да поминат во овој Парламент само тогаш кога Советот ќе успее да ги предвиди, да ги погоди критериумите и желбите на премиерот. Практично, драги колеги Судскиот совет е суспендиран.

Автономија на универзитетот, што ќе ни е тоа? И тој треба да му припаѓа на Георгиевски. Не само што им скрати плати на професорите, туку утре тој ќе ги бира нив. Нема да ги бираат факултетски инстанци.

Под специјален третман е гласот на јавноста, новинарите. И тука се отиде многу далеку. Со новиот Закон за информирање Агенцијата за информирање, односно Владата одлучува кој смее да пишува, што смее да пишува и кога смее да пишува. И тоа е демократија.

Додека уништува и ја распродава економијата на државата од сопствената партија прави велепоседник. Под сомнителни околности купува претпријатија, фабрики, печатници, имоти, банки.

За она што го прави во надворешната политика ми треба елаборација од повеќе часови. Тоа ќе го скокнам, ќе го оставам за некоја друга прилика.

Но, она што не може да чека почитувани колеги, што мора секогаш и сега да биде спомнувано е ударот што Георгиевски го задава на националното по сите должини. Нацијата, јазикот, името, историјата, сите атрибути на националниот идентитет се предмет на сакатење, компромитирање или предмет на оние најавувани промени.

Каде е тука граѓанинот, да не го заборавиме, со евидентната економска несигурност и чувството на егзистенцијална загрозеност, кога во секој момент зависи од гордата волја, од хировите? Погледнете го последниот случај со отпуштените, па вратените хигиеничари во училиштата? Значи, кога зависи од хировите на власта целта е тој, граѓанинот да нема избор. Го тераат да се приклони да нема избор. Го тераат да се приклони или барем да молчи. Стравот стана наше секојдневие и тоа никој не може да го порекне.

Што на пример сега да заклучи граѓанинот кога гледа дека способностите и квалификуваноста не се веќе мерило за пронаоѓање место под сонцето? Па, видете кој се праќа во амбасадори, кој се праќа во генерални конзули?

Оттука, почитувани колеги, прислушувањето е еден од инструментите со кои Георгиевски сака да оствари тотална контрола над општеството. Тоа што велам дека прислушувањето е еден од инструментите не сакам да ја намалам застрашувачката консеквенција на овој феномен врз демократијата.

Штетите, почитувани колеги од прислушувањето се немерливи. Од сега па натаму се додека не се казнат виновниците, политички и кривично, нормално, се додека не ја платат оваа цена, но и онаа што ја наметнува формално - правната процедура за која што во повеќе наврати вчера зборуваше премиерот, значи додека не бидат кривично санкционирани нема да можеме да зборуваме ниту за претпоставки на демократија во нашата земја. Уште прислушувањето нема повеќе ни "Д" од демократијата, но затоа имаме "Д-ден" ден на инвазијата во нашата приватност. А тоа значи инвазија врз Уставот и демократијата, инвазија врз граѓанските слободи. Од тој ден наваму останува траен запис во нашата свест, верувајте.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:** (Продолжение)

Нивната комуникација станува невозможна и ризична, а со тоа доаѓа до комплетна промена на системот во нашите животи. Освен во домашната, прислушувањето ќе има последици и во меѓународната комуникација. Како на пример Борис Трајковски или Срѓан Ќерим

ќе ја претставуваат во светот Македонија како држава определена за демократија, кога и самите се прислушувани од сопствената влада. И да немаме илузии, бројните споредби што ги слушавме овде и во печатените медиуми со Вотергејт или со Орвел се непримерни. Тие во случајот звучат како еуфемизми. "Вотергејт" може да биде само една епизода од нашиот мамутски прислушувачки серијал. Таму слушаа штаб на една партија и за тоа падна претседателот на САД. Овде се слуша половина држава и не падна ниту министерот за внатрешни работи во Владата на Република Македонија.

Да го појасниме малку и Орвел. Орвеловото општество е засновано на тоталитарни принципи. Големиот брат не гледа во согласност со карактерот на ова општество кое што постои само во фикцијата, фикциско општество. Во тоа општество прислушкувањето е дел од инструментите што системот ги користи во согласност со сопствената филозофија. Сите ние, вклучувајќи го дури и господинот Георгиевски се декларираме како демократија. Во демократијата се дозволени оние инструменти кои се иманентни на демократското општество, а таму никако не спаѓа нелегалното прислушување. Но јас мислам дека после ова дообјаснување на Орвел станува појасна носталгијата на господинот Георгиевски по Орвел. Мислам почитувани колеги дека сме сведоци, нема да го наречам државен удар, туку дека сме сведоци на ударот врз државата што го изведува самата власт. Оттаму, суспендирањето на демократијата од страна на господинот Георгиевски и рушењето на институциите на системот наметнуваат и неколку засега прашања. Имено, дали најавените коренити промени во оставката на министерот Димовска, поддржани вчера во излагањето и од премиерот Георгиевски, назначени како тотална реформа на полицијата, се вовед во создавање на полициска држава по теркот на ВМРО-ДПМНЕ. Какви избори во каква полициска држава колеги ќе имаме од сега натаму? Ако и досега под оваа власт имаше насилство и крв, што ли ќе се случи на следните, ако воопшто ги има.

Второ прашање што се поставува исто така е на што би личела една опозиција скроена по теркот на господинот Георгиевски. Видовме вчера како господинот Георгиевски злонамерно подметнува, парафразира, опозицијата не сакала да се потпише договорот за стабилизација и асоцијација со Европската Унија. Цитирам: "Опозицијата се радува после секој терористички напад". Едноставно неможете да ја сокриете радоста ни вели господинот Георгиевски што некаде пукнала бомба или не дај Боже е повреден орган на нашите институции. Ве молам колеги ова е комплетно нездраво. Ваква оценка може да изнесе само човек кој ја мрази сопствената земја и кој што таа омраза сака да ја проектира како чувство на политичкиот противник. Како ли само се осмели вчера Георгиевски во своето експозе да зборува за цитирам: "Една класична хистерија продуцирана од страна на опозицијата и некои медиуми кои се под нивна контрола". Зарем не е јасно колеги пратеници, зарем не и е јасно на македонската јавност дека премиерот Георгиевски е тој што продуцира и дисперзира една класична состојба на патологија.

Ова е од прилика онаа мрачна слика што господинот Георгиевски ја создава за стварноста и иднината на Република Македонија. Сакам да го предупредам, немојте господине Георгиевски ниту за миг да помислите дека ќе ви дозволиме морбидните визии од вашата поезија да станат наша стварност. Вчера рековте дека немате намера да дадете оставка, мислам дека многу брзо самиот ќе го сторите тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Благој Ханџиски, процедурална интервенција.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Процедурално за господинот Стојан Андов. Вие господине Андов знаете дека барем ние што сме подолго време во Парламентот, што како пратеник што како министер во овие клупи седам 10 години и одозгора кој што благодарение на вас и два пати ги одбележивме и два пати ги прославивме. Се јавив за збор процедурално за да ви се обратам вам, затоа што сакам да ве потсетам дека вие во Собранието на РМ сте само прв меѓу еднаквите и второ, да ве потсетам дека многупати досега, а во последно време се почесто ја злоупотребувате таа позиција на прв меѓу еднаквите, дека манипулирате со седниците, посебно со закажувањето на седниците кои ги бара опозицијата, за што најилустративен пример е закажувањето на оваа седница, која што ја закажувате како итна 30 дена по поднесување на барањето за нејзиното закажување, иако како што и е познато на целата јавност со таквото барање се согласил и лидерот на најголемата партија на власт ВМРО-ДПМНЕ и претседател на Владата Љубчо Георгиевски.

И трето, како колега и ваш и на колешката која што зборуваше пред малку, да протестирам што во последно време се почесто им упаѓате во збор на пратениците, дека си дозволувате да ги коментирате нивните дискусии, што немате право ни на колегијална основа ниту имате право деловнички.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова е процедурална деловничка забелешка. Сега сакам да ви одговорам следното. Ако изнесувате процедурална забелешка тогаш треба да се однесува точно на која моја постапка е упатена и во согласност со кој член од Деловникот не сум постапил, за да можам да ја дадам на изјаснување и Собранието да заземе став дали е направена отстапка од Деловникот или не. Вашето процедурално настапување е чисто политички мотивирано и чиста политичка провокација. Еве, ќе ви кажам зошто.

Прво, недопусливо е од говорницата да се зборува за работата на претседателот, а тоа да не се изложи како деловничка забелешка на претседателот на Собранието, а да не биде тоа деловничка забелешка, претседателот на Собранието и неговата работа се контролира преку одредена деловничка забелешка, преку интерпелација и преку гласање доверба за него. Инаку сите други испади на пратениците во однос на водењето на седницата и нападите на претседателот на Собранието имаат за цел да ја девалвираат седницата и да кажат дека дури и одлуките на седницата се невалидни. Сите тие се надвор од вообичаената парламентарна практика, надвор од сите деловници во светот, надвор и од овој наш деловник.

Затоа, да ви кажам и натаму било кој пратеник кога ќе зборува овде ќе зборува по точката и начинот свој, да си го изнесе своето гледање. За водењето на седниците, за позицијата на претседателот ќе мора да зборува само во врска со конкретни деловнички одредби, да бара изјаснување на Собранието ако не прифаќа мој одговор кој ќе го дадам и ако со тоа не е задоволен да поднесат интерпелација или барање да бидам разрешен од функцијата. Надвор од тоа во Собранието ќе биде хаос. Не може да се потпираме на потребите за политички квалификации, дисквалификации итн. во текот ан седницата на претседателот кој ја водел. Па како правиме Парламентот претставува да биде Парламент туку тоа веќе ќе биде обид да се претвори Парламентот во помошен орган на некој партија или на некое политичко видување. Еве вака ќе биде, да знаете. Ова е мојот одговор и ако имате, дајте ќе се изјасниме за тоа како Парламент.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Повторно господине претседателе сакам да ве потсетам дека мојата интервенција нема никаква врска со политика. Мојата интервенција е, како што самите рековте, и процедурална на процедурата како се раководи со седницата на Собранието, и деловничка и на крајот на краиштата и колегијална.

Сакам да ве потсетам, ако се држиме само до деловникот или сакам да ве прашам да ми кажете, врз основа на кој член вам ви е даден мандат да коментирате дискусии на пратеници.

Второ, вашата улога на оваа седница конкретно во врска со нејзиното закажување и е позната на целата јавност и вие немате право да барате пратениците во својата расправа да не расправаат за тоа како е закажана оваа седница, кои биле вашите уставни и деловнички овластувања околу закажувањето, кога е барано да се закаже, кој дал согласност да се закаже, зошто таа не е закажана, зошто е закажана после месец дека, зошто вие за свикување на оваа седница во рамките повторно на вашите законски и деловнички овластувања прво баравте да се одржи седница на Комисијата за контрола на ДБК и на Агенцијата. Според тоа, вие и во самото работење на седницата, а претходно при нејзиното закажување имате улога, обврски и задачи за кои што секој пратеник има право да даде коментар и да го искаже своето мислење, а вие немате право нивните дискусии, да им упаѓате во збор и да ги коментирате. Според мене, еве, го повторувам прашањето, кажете го членот во кој што ви е даден мандатот како претседател на Собранието да коментирате дискусии на пратеници. Мало е нашето искуство како пратеници, ама сепак сме десет години во собраниските клупи и знаеме дека тоа не оди.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие ќе треба секогаш да интервенирате ако коментирам дискусија на пратеници, вие или било кој пратеник.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Па коментиравте, господине претседател.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, само и укажав на госпоѓа Митрева дека зборува за нешто за што не може да зборува сега.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Во досегашните дискусии се зборуваше надвор од темата сто пати, па не интервениравте деловнички.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ваша работа да мислите што сакате. Кога треба да коментирате треба да коментирате, треба тогаш да интервенирате. Сега нема што да интервенирате.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Како јас сега да интервенирам на вашата квалификација дека мојата интервенција е политичка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе ви кажам зошто.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Е па кажете ми.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Затоа што - веќе еднаш реков, пак ќе ви кажам.

Вие треба да ми кажете која деловничка одредба сум ја прекршил.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Не да ви кажам, кажете вие врз основа на која одредба сте добиле мандат да коментирате дискусии на пратеници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не сум коментирал на пратеник.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Коментиравте.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не е точно.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Не сега само, стопати досега коментиравте.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не е точно воопшто. Нема што сега или друг пат. Кога друг пат било, требало да кажеш. Нема врска таа работа, тоа е чиста провокација очигледно. Тоа не е деловничка интервенција.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

И процедурална и деловничка и колегијална, најважна е колегијалната.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, тоа е обид да се сврти седницата, да не тече во согласност со деловникот.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Ако не тече вака, треба да биде според деловникот и во колегијалноста, господине претседателе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, тоа колегијалност ни најмалку ќе е. После десет години мора да знаете што пишува во актите и треба да знаете кој може да закажува и под кои услови може да закаже седница. Тоа сигурно ви е јасно, ама тоа ќе го расправиме кога ќе биде интерпелацијата. Да не ги помешаме работите сега и за тоа да расправаме. да заборавиме за што сме се собрале овде. Тие трикови нема да минат.

Има збор господин Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, уште на стартот на мојата дискусија би сакал да го изнесам мојот став и длабоко несогласување со феноменот на прислушувањето, кој во својата суштина е длабоко антидемократски и би рекол антицивилизациски чин, кој задира во неприкосновените слободи и права на човекот и граѓанинот и во правото на нивната приватност.

Нашава денешна расправа врз основа на заклучоците на Комисијата за контрола на ДБК и Агенцијата за разузнавање треба да утврди дали врз основа на утврдените факти постојат елементи за утврдување на евентуална политичка одговорност. Меѓутоа, паралелно со ова од особено значење е целиот овој случај, врз основа на утврдената фактичка состојба, да добие и судски епилог за да се утврди и евентуалната кривична одговорност за нарачателите и извршителите на незаконското прислушкување, што ја обременува јавноста повеќе од месец дена.

Почитувани колеги, не можеме случајот прислушување да не го гледаме во контекст на се она што ја карактеризира политичката атмосфера во државата во моментот, како што е спроведувањето на реформите, стопанските движења, социјалните проблеми, терористичките акции и најновите случувања во соседството што ја загрозуваат безбедноста на државата и можат да доведат до нејзино дестабилизирање. Дозволете само накратко низ една мала елаборација на некои аспекти на овие актуелни состојби да ја согледаме генезата на разните скандали, кои главно многу вешто ги користи и продуцира опозицијата, а во тој контекст и скандалот прислушување.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:** (Продолжение)

Прво, почитувани пратеници во оваа земја се случуваат и убави работи кои за жал не добиваа медијска промоција, а за

нивната успешност и ефикасност повеќе дознаваме од некои странски средства за информирање, меѓународни аналитичари и финансиски институции. Статистичките показатели говорат за извесни позитивни движења во стопанската сфера. Реформите во финансиската сфера како што сите знаете ги даваат своите резултати и добиваат висока меѓународна верификација и охрабрување дека токму тоа е патот по кој треба да продолжиме. Некои реформи (како оние во здравството и реформите во јавната администрација), по својата суштина се многу болни и луѓето оправдано реагираат за нивната недоволна усогласеност со материјалната издржливост на населението. Оттука, во нивното натамошно оправдување, како што впрочем тоа и се чини, треба да се изнаоѓаат најповолните и најбезболните решенија кои ќе придонесат кон намалување на социјалните тензии, па и до подобрување на материјалната положба на граѓаните.

Нам значи ни се случуваат и многу добри нешта особено во сферата на реформите. Но, дали некој по правилото од "дрвото не може да ја види шумата", низ дневното продуцирање тензии, афери и слично, сака да ги замагли работите и да се создаде впечаток во јавноста дека ништо добро, туку напротив само лоши работи ни се случуваат. За жал, почитувани колеги опозицијата токму тоа настојува да го постигне. Во незапирливата желба да се дојде на власт не се избираат средства како да се дојде до неа. Се соочуваме со еклатантен пример на макијавелизам во дејствувањето на опозицијата во остварувањето на оваа своја цел кога се губи критериумот за тоа што е национален или државен интерес или прашања што се од суштинско значење за безбедноста на државата и нејзиниот углед и иднина. Да не бидам погрешно сфатен, право е на опозицијата и дури и жестоко да укажува на појавите на лошото практицирање на власта, но не на начин и со средства и цел само одново да се приграби власта, притоа не нудејќи алтернатива и сметајќи на краткото паметење на јавноста кога СДСМ ја практицираше власта и во чие време бројните афери, па и аферите на прислушување (Сина птица, Дувло,), не добија никаков епилог, кога реформите беа на мртва точка, а меѓуетничките односи до крајни граници заострени. Ваквиот пристап на опозицијата во нејзиното опозиционо делување до точка на вриење, негативно делува врз расположението на граѓаните, ја подгрева без перспективноста, ја насочува енергијата на институцијата на системот кон некакви расчистувања на афери и случаи наместо енергијата да се усмерува кон решавањето на проблемите и подобрувањето на квалитетот на животот на населението. Исто така и нанесува штета на меѓународниот углед на земјата создавајќи привид за несигурна и нестабилна средина во која на пример странските инвеститори нема што да бараат итн. итн. Покрај ова како резултат на едно вакво дејствување и создавање на негативна атмосфера сведоци сме на невидена поларизација на граѓаните, во која станува тешко да се мобилизираат силите во изнаоѓање решенија за многу отворени прашања.

Морам одново да ве замолам да не бидам погрешно сфатен. Ни најмалку не се залагам за забошотување на работите во интерес на некои повисоки интереси. Се залагам конечно за воспоставување на правила на игра во политичките процеси во кои и најсложените и најнепријатните проблеми ќе бидат разрешувани со демократски средства и методи и конечно да и се дозволи на легитимно избраната власт да ја реализира својата програма во една порелаксирана атмосфера и амбиент, а граѓаните, на денот на изборите ќе знаат да ги проценат резултатите или пропуштеното што можело да се направи.

Почитувани колеги, Владата на ВМРО-ДПМНЕ и коалиционите партнери пропагираше, а и во практиката тоа најубедливо се покажа, дека е реформска Влада. Тој факт сам по себе носи ризици. Како од незадоволството на граѓаните за мерките чии резултати дури подоцна ќе се ефектуираат така и од слободниот простор кој и останува на опозицијата да делува против актуелната власт. Патот до демократијата е тежок особено кога енергијата за подобрување на животот на граѓаните треба да се троши за анулирање на наследените недемократски појави. Владата на Република Македонија немаше намера, а ниту тоа го чини да се занимава со криминални дејствија во екот на реформите и во време на очекување на резултатите од тие реформи. Веројатно поради проценката за правилниот реформски курс на оваа Влада, СДСМ и останатата опозиција одлучи дека е време да ги искористи своите задскриени структури и можности за напад кои неактивирани или во таканаречената состојба на замрзнатост се провлекувале низ институциите па така опасноста од нив останала незабележлива.

Почитувани пратеници, пред мене ги имам заклучоците на Комисијата на кои според мене можат да се извлечат неколку констатации:

Прво, од ова што можев да го видам не можеме денес да зборуваме за нечија политичка одговорност. Не можев да согледам ниту наредбодавач ниту извршител, ниту постоење на некакви писмени докази за вршење на прислушување на политички неистомисленици и новинари. Не би сакал да се служам со шпекулации, но може да се зборува и за други опции и други чинители и нарачатели вон институциите на системот, па дури и политички партии или странски служби.

Второ, се залагам за забрзување на судската постапка која по својата природа има методи и инструменти до крај да ги расветли сите аспекти на прислушкувањето, односно нарачателите извршителите, средствата со кои е вршено прислушкување при што во текот на постапката ќе бидат искористени и консултирани званични мислења на вештаци, експерти, научни институциии слично.

Трето, поради познатите недостатоци во законската регулатива, имено, оваа материја е правно нормирана во член 17 став 1 од Уставот на Република Македонија кој Устав е донесен 1991 година и каде стои дека се гарантира слободата и тајноста на писмата и на сите други облици на општење што значи постои апсолутна забрана за било какво користење на прислушни уреди со цел да бидат прислушувани граѓаните на Република Македонија.

Во 1996 година е донесен Кривичниот законик на Република Македонија каде што е инкриминирано како кривично дело прислушкувањето. Од 1991 година односно од донесувањето на апсолутната уставна норма за забрана на прислушувањето законска покриеност на забраната за прислушување беше предвидена во Кривичниот закон на СФРЈ и Кривичниот закон на Република Македонија од 1976 односно 1977 година.

Меѓутоа и покрај постоењето на уставно - правната норма и кривично правните норми за забрана за вршење на прислушкување, сепак заради потребите од откривање на сторители на тешки кривични дела односно за спречување на разни терористички и други субверзивни активности насочени кон рушење на уставниот поредок на Република Македонија, користени се прислушните уреди инсталирани во Министерството за внатрешни работи. Од причина таквото користење би рекол во континуитет до 1998 година да биде ставено во некакви нормативни рамки, го натерало министерот за внатрешни работи во Владата на Бранко Црвенковски, господинот Томислав Чокревски да донесе упатство во септември 1998 година со кое наредбите до оперативна техника се издаваат во писмена форма што значи доколку е издадена наредба за прислушкување мора да постојат потписи од неколку началници завршувајќи со потписот на министерот за внатрешни работи со кое одобрувањето за користење на прислушните уреди е строго контролирано и децидно потврдено и одобрено од надлежните началници и министерот за внатрешни работи. Спротивно на ова упатство секаква усмена наредба дадена во насока на употреба на прислушните уреди од претпоставениот на подредениот треба да биде категорично одбиена, инаку, оној што ќе изврши таква наредба се става во улога на извршител на кривично дело прислушкување.

Сето ова упатува на заклучок дека за време на шестгодишното владеење на СДСМ, а еве и до ден денес употребата на прислушните уреди кога е тоа потребно и оправдано, а тоа се случаите во функција на спречување на тероризмот, насилно уривање на уставниот поредок што впрочем претставува општа пракса и Министерството за внатрешни работи би рекол низ целиот свет не е ставено во законски односно уставни рамки поради што нужно е и очигледно дека ваквата состојба упатува на итен и неодложен ангажман на пратениците во законодавниот дом на Република Македонија итно, амандмански да го изменат член 17 од Уставот за да се даде уставна можност врз строго определена законска форма да се утврди постапката за начинот на користење на прислушните уреди, но само врз основа на судска одлука.

Почитувани колеги, сега би ги прокоментирал некои од исказите на промоторот на аферата "прислушкување", на г. Бранко Црвенковски.

Во интерес на правдата и во интерес на граѓаните на Република Македонија, сакам од ова место, јасно и гласно да го прашам господинот Црвенковски, кој на 17.01.2001 година на повеќе редакции и новинари подели материјали за прислушкувани телефонски разговори, да каже:

Кога ги имаше тие материјали, односно од кога ги имаше тие материјали?

Дали на неколку дена пред одржувањето на прес конференцијата, како што изјавил пред судот или тие материјали ги имал уште во средината на ноември 2000 година? Да го прашам зошто тие материјали ги чуваше толку долго време и зошто во тој временски период од средината на ноември до средината на јануари не ги достави на надлежниот државен орган. Правата адреса на која требаше да се обрати и прва веднаш како негова должност согласно одредбите од Законот за кривичната постапка, беше адресата на Јавниот обвинител. Тој ја заобиколи канцеларијата на Јавниот обвинител. Зошто?

Господинот Црвенковски ги замаглува работите и дава контрадикторни изјави за најбитни прашања.

Јавно го повикувам да одговори: дали е точно, дека тоа што го дал на прес конференцијата не е ниту 10% од она со што располагал како доказен материјал, а ниту 1% од тоа што се правело и каде се другите материјали од 90%. На самата прес конференција од 17.01.2001 година изјавил, "направивме избор од разговори", па се поставува прашање од што е направен тој избор, бидејќи за да се направи избор треба да има нешто повеќе од што се прави тој избор односно селекција.

Од досега спроведените истражни дејствија за што е информирана јавноста, господин Бранко Црвенковски на господинот Васил Тупурковски уште во ноември 2000 година му покажал материјали за снимени разговори. Од утврдените факти, очигледно е дека тој сака да манипулира со целокупната македонска јавност, дека наводно на неколку дена пред одржаната прес конференција од анонимен извор му биле доставени материјали. Основано очекува и ова Собрание и граѓаните на Република Македонија, г. Бранко Црвенковски да соработува со истрагата и да даде свој придонес во утврдување на фактите, а не г. Бранко Црвенковски да ја спречува истрагата и да го спречува докажувањето. Каде се примероците и зошто не ги доставува до судот од кои што е вршено фотокопирање на разговорите, а кои примероци наводно му биле доставени од анонимниот извор.

И на крајот, кој е тој фамозен "анонимен извор" кој му доставува материјали на начин кој г. Бранко Црвенковски не сака да го обелодени. Тоа го прави со единствена цел да не се утврди дали е вршено прислушување и од кого, туку само да манипулира со јавноста, сметајќи дека на тој начин ќе стекне одредени политички поени како основ за рушење на Министерот за внатрешни работи и Владата на Република Македонија.

Со лаги и клевети неможе да се сруши ни една влада. Манипулациите што ги прави г. Црвенковски се многу очевидни и подобро би било и за него и за оваа држава гласно и јасно да каже кој му ги дал материјалите, колку материјали му дал и каде се другите материјали. Во спротивно тој самиот станува заробеник на она што наводно сака да го утврди, а целта му е да ја држи во тензија целокупната македонска јавност и ги вознемирува граѓаните. Ако јасно и гласно кажал дека тоа што го објавил и дал на новинарите не е ниту 10% од она што располага како доказен материјал, на тој начин голем број граѓани не можат да бидат мирни, кога тоа јасно сознание до сега тој не го демантирал, а материјалите не ги направил достапни и не може да ги користи за другите ниски цели.

Господинот Бранко Црвенковски јавно изјави дека не бил должен пред судот да одговори за она што го кажал на прес конференцијата, туку за него било битно само тоа што го кажува пред судот.

Значи ли тоа дека тој на прес конференцијата може да зборува што сака, а на прашањата во судот за тоа што го кажал на прес конференцијата да одговори дека нема коментар и дека не е должен да одговара на тие прашања. Тоа е голема хипокризија. Неговата единствена цел во случајот е да манипулира со јавноста и не да даде придонес во утврдување на законитоста и во утврдување на вистината и фактите.

За господин Бранко Црвенковски очигледно постојат две вистини, една вистина за тоа што кажува на прес конференција, а друга вистина за тоа што како сведок го кажува пред судот. Како сведок пред судот господин Бранко Црвенковски е должен да говори најмалку толку колку што кажал на прес конференцијата, а и повеќе, бидејќи пред судот е должен да ја зборува вистината и не смее ништо да скрие бидејќи за тоа се одговара за давање на лажен исказ и за спречување на докажувањето. Благодарам на вниманието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

За збор се јави Валентина Божиновска. (Отсутна е).

На ред е господинот Љупче Ристевски.

**ЉУПЧЕ РИСТЕВСКИ:**

Господин претседателе, колеги пратеници, исфабрикуваната афера со прислушувањето на телефонски разговори е финале на една без курпулозна и без преседан агресивна стратегија на Социјалдемократскиот сојуз за негово предвремено враќање на власт без мандат, кој што на политичката партија СДСМ ќе му ја дадат граѓаните. Познавајќи ја својата немоќ и неможноста да се создаде една општа атмосфера во која што граѓаните на Република Македонија во едни предвремени избори на Социјалдемократскиот сојуз би му дале мандат, кој што оваа политичка гарнитура долго време го очекува, бидејќи периодот откако не е на власт, период од еднаипол година до две години многу тешко го доживеа како опозиција и токму заради тоа во последниот временски период, особено од пролетта па наваму, прави максимални усилби со недемократски и насилнички средства да дојде на власт.

Сето тоа, се прави само за да се задоволат егоистичките желби за власт на лидерот на Социјалдемократскиот сојуз, Бранко Црвенковски. Притоа, воопшто не се бара ниту согласност од граѓаните, ниту се води сметка за рејтингот на сопствената партија СДСМ, а тоа се повеќе создава немир кај лидерот на Социјалдемократскиот сојуз, поттикнат од моменталниот рејтинг на Партијата ВМРО-ДПМНЕ, кој што е со тенденција на пораст и кој што рејтинг ветува дека оваа партија ќе се задржи и понатаму на власт.

Непримерно е, кога станува збор за политика, а уште повеќе кога без трошка моралност и каква и да е доблест се бара одговорност за министерот Доста Димовска, а притоа се нема ниту еден аргумент, со кој ќе се поткрепи тврдењето за нејзината наводна одговорност во оваа афера. И, токму тоа од оние чии што прислушувања на Партијата ВМРО-ДПМНЕ се докажани, како што се докажани и следењата и прислушувањата на телефоните на политичките опоненти, следењето и прислушкувањето на новинарите, на интелектуалци и на граѓани, кои што различно мислеа од власта на Бранко Црвенковски и на СДСМ и замислете сега обвинуваат наводно кршење на уставните закони на човековите права и уште пострашно човек да незнае дали да се смее или да се чуди или да плаче врз судбината на и сега да се оправдува пред тие луѓе што ги формирале или што ги давале тие налози да се формираат досиеја, да се води следење на граѓани обележени како македонски националисти, македонски сеционисти и да се евидентира целата нивна приватна и интимна комуникација. Сето тоа е документирано и докажано. А, никој во СДСМ не најде засходно, барем да им се извини на македонските граѓани дека неовластено ги прислушкувал сите нивни телефонски разговори, дури и на членовите на нивните семејства, па дури и на нивните малолетни деца и дека неовластено, тајно ги фотографирал дека формирал досиеја, само заради тоа што тие размислувале многу поинаку од нив. Меѓутоа, сега истите бараат некој да биде казнет, повторувам, потпирајќи се само врз она што тие го пласираат во медиумите и во јавноста, а не врз објективни показатели и факти, кои очигледно ги немаат и тоа не им оди во прилог.

Но, уште со самото пласирање на аферата од страна на Бранко Црвенковски веднаш стана јасно дека лидерот на Социјалдемократскиот сојуз повторно воден од своите паталошки страсти по секоја цена да се биде на власт, острицата на ударот го насочи против министерката Доста Димовска, сигурно, проценувајќи дека тој е носечкиот столб на актуелната власт и дека со нејзино отстранување ќе се создадат услови полесно да ја насочи својата подмолна политичка активност во уривање на Владата на Љубчо Георгиевски.

Впрочем, секому му е јасно дека на СДСМ и на Црвенковски најмалку им се важни правата и слободите на граѓаните. Зошто, доколку е навистина така, Црвенковски, правејќи кривично дело ги објави стенограмите од прислушкуваните разговори во јавноста и притоа правеше дека СДСМ се јавува како заштитник на правата и слободите на граѓаните во Република Македонија.

Покрај тоа што во претходниот период ги следеше, прислушуваше, ги судеше, ги осудуваше, раководеше со секторите од власта во која ставаше активисти од неговата партиска припадност, најголем дел од нив ја злоупотребуваа својата службена должност вршејќи насилства и физички малтретирања на граѓани.

Најверојатно вината на министерката Доста Димовска за СДСМ е во тоа што таа како прв човек во Министерството за внатрешни работи не дозволи да се случи за времето на нејзиното раководење на полицијата да се употреби сила со која граѓаните ќе се спречат да го искажат своето незадоволство, а индивидуалните пречекорувања и

употребата на сила од страна на припадници на Министерството за внатрешни работи беа брзо и правно санкционирани, што е обратно и спротивно од времето кога македонската полиција ја раководеа министри од редовите на Социјалдемократскиот сојуз.

Министерката Димовска со ништо не го наруши рејтингот на македонската полиција и актуелната власт. Напротив, пред извесен временски период сите бевме сведоци во Собранието на Република Македонија кога ратификувавме заем со кој Министерството за внатрешни работи се опреми најсовремено, почнувајќи од униформите на полицајците до средствата за нивна заштита, со автомобили и денеска нашата полиција е подготвена да се носи со највештите криминалци кои, за жал, секогаш предничат во трката околу нивното техничко опремување и во нивната досетливост.

За Социјалдемократскиот сојуз министерката Доста Димовска сигурно е виновна затоа што само за шест месеци од нејзиното доаѓање на место прв човек во Министерството за внатрешни работи, македонската полиција во соработка со полициите од соседните држави и со Интерпол пресече повеќе меѓународни канали на шверц со дрога, оружје и бело робје, можеби тоа најмногу го засега Социјалдемократскиот сојуз и неговиот лидер Бранко Црвенковски.

За Социјалдемократскиот сојуз министерката Димовска е виновна и затоа што во Република Македонија повеќе не се случуваат мистериозни убиства на македонски бизнисмени, не се случуваат само убиства на македонски полицајци или затоа што граѓаните не можат да ја видат на јавни места во друштво со криминалци и со лица со криминални досиеја.

Можеби нејзината вина ја гледаат и во тоа што не се случуваат брутални убиства на сред град или што министерката до сега нема издадено наредба снајперисти да ги држат на нишан македонските граѓани. Или затоа што госпоѓица Димовска со ништо не придонесе меѓу граѓаните и во Меѓународната заедница да се наруши угледот и рејтингот на актуелната власт и на Република Македонија воопшто, туку напротив Социјалдемократскиот сојуз очигледно превзема еден пеколен план со цел да се исфабрикува афера за прислушување откако стана очигледно дека ниту со поткуп на пратеници и со пропаѓањето на нивниот замислен преврат со формирање на ново парламентарно мнозинство, ниту со каква и да било друга политичка активност не може да се добере до власта.

Прислушување имало, како што потврдуваат оние чии што разговори Бранко Црвенковски ги лиферуваше пред јавноста. Но, прашање што Социјалдемократскиот сојуз не сака да се отвори прашањето за кој навистина се вршело тоа прислушување и во чија полза. Интересно е и посебно индикативна е селекцијата на прислушуваните разговори. Имено, кога власта би прислушувала, бездруго ќе забележала и некој политички разговор конкретно на Бранко Црвенковски. Меѓутоа, според се изгледа тој е многу добар домаќин и се грижи единствено и ја крева телефонската слушалка само кога треба да пазари за домаќинството или посебно кога е загрижен кога се работи за некои работи за заштита на правата на граѓаните. Инаку, како што ни покажуваат стенограмите, тој воопшто не зборува за политика во овие стенограми, што очигледно фрла сомнеж врз тоа кој е нарачател на овие прислушувања.

Оттаму е интересно да се разгледа структурата на лицата во службите од кои е можно да се прислушуваат телефонските разговори. Притоа, барем на јавноста Социјалдемократскиот сојуз и должи објаснување дали смета дека некој што ќе нареди примена на софистицирани методи и употреба на таква техника ќе биде толку наивен да го прави тоа во толкави размери и притоа во тоа да вклучи луѓе што во тие структури ги вработил Социјалдемократскиот сојуз со строга партиска контрола и директива. Токму во тоа лежи најголемиот проблем.

Социјалдемократскиот сојуз знае по кој пат потврдува дека за неговиот лидер оваа држава е само привременост, а безбедноста на граѓаните е споредна работа. Затоа очигледно ја користи доблесноста и демократските определби на актуелната власт и на госпоѓица Димовска и во институциите на државата од нивна страна не се спроведува политички реваншизам. Токму тоа можеби е причината што во овие структури на државата сеуште останаа кадрите кои ги постави претходната власт. Токму овие кадри денес ја разбиваат безбедноста на Република Македонија. Многу странски служби би посакале да ги имаат оние податоци кои, во овој период, откако започна аферата јавно се лиферуваат во јавноста, тие се достапни за сите, јавно се презентира целата организациона шема во сите безбедносни

служби на Република Македонија. Тоа е удар, тоа е атак врз системот за одбрана на целата држава. И други држави се соочувале со вакви афери, но незапамтено е со каква леснотија од луѓето кои во времето на Социјалдемократскиот сојуз ги раководеа овие служби  како нивен партиски кадар сега во медиумите, без да размислат, што ќе се случи со безбедносниот систем во државата, многу јасно и со јасна тенденција ги разбиваат овие служби.

Притоа мора да се напомене дека повеќето од овие наводни професионалци занаетот го печеле во поранешните југословенски тајни структури кои, пред се, беа насочени за следење и уништување на секоја национална појава на македонскиот патриотизам кој, од нив беше прогласуван како екстремизам, сецесионизам, а сите македонски патриоти кои беа на овој начин жигосувани, беа перфидно од истите служби шиканирани и уништувани. Дури таквата судбина ги следеше и семејствата на овие лица што комунистичката власт ќе ги подвлечеше како свој непријател. Социјалдемократскиот сојуз ја наследи таквата структура. Не само што воопшто не стори ништо во поглед на нејзино професионално преориентирање во заштита на националните и државните интереси на Република Македонија, туку го стави истиот кадар на раководни функции во овие служби и само продолжи од нив да ползува инструменти во борбата со политичките противници на Социјалдемократскиот сојуз.

Таквиот кадар, покрај неговата некогаш непрекината поврзаност во домен на професионалноста и бизнисите со своите колеги од службите на остатокот на поранешната држава, па дури и на семејните врски се покажа како крајно ригиден и идеолошки зачаурен. Тие остатоци во македонските безбедносни служби сега се покажаа како главен адут на Социјалдемократскиот сојуз во неговата борба за власт.

Сега се поставува прашањето со што Социјалдемократскиот сојуз и Бранко Црвенковски ги задолжиле толку? Или, пак, коренот на нивниот анимозитет кон новата власт и министерката Димовска е во нивната спреченост и натаму комотно да учествуваат во бизнис зделките дури и такви со кои се подрива безбедноста на Република Македонија.

Пред да завршам 6и сакал да подвлечам една работа. Аферата прислушување е само една алка од една голема акција која опозициониот Социјалдемократскиот сојуз и дел од сателитите околу него ја започнаа веќе подолг временски период. Во Република Македонија е евидентно дека се случуваат терористички акции и напади и мора да се констатира дека за сите овие терористички акции позадината е една и единствена, тоа е рушење на системот, рушење на државноста, рушење на Република Македонија.

Тероризмот е од најразличен вид, од една страна е општиот и општо осудениот тероризам кој го осудија сите организирани политички структури во нашата држава, го осудија сите соседни држави и нивните влади, меѓутоа, паралелно со овој тероризам се јави еден нов вид на тероризам, тоа е вербалниот тероризам на Бранко Црвенковски чиј удар, според мене, е многу поразорен посебно во македонското национално ткиво затоа што овој тероризам може многу сериозно да го разнебити македонското национално ткиво и сериозно да го доведе во прашање опстанокот на државата.

Доколку се продолжи со ваков тероризам, верувам дека македонскиот граѓанин, македонскиот народ ќе се најде во една ситуација која ќе го доведе до безумие затоа што и денеска граѓаните се прашуваат во каква состојба се наоѓа нашата држава, секако последица на една невидена пропаганда како во медиумите така и од страна на политичките партии.

Мислам дека овој тероризам треба да има одредена мерка, бидејќи општите и националните интереси на оваа држава се нејзиниот опстанок, влегување на Република Македонија во Евроатлантските структури, влегување на Република Македонија во земјите кои го сочинуваат едно цивилизирано општо европско општество.

Токму сега кога се на повидок резултати, можности Македонија да стане еден член од тоа семејство на европски народи, се прави најсилниот удар врз демократијата на Република Македонија и врз нејзината државност.

Верувам дека после оваа афера, верувам дека оваа афера ќе најде свој судски епилог во кој виновниците ќе бидат примерно казнети и верувам дека опозицијата ќе воспостави контрола врз самата себе во нивното терористичко дејствување, па макар да биде тоа и реторичко.

Ви благодарам на вниманието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

(Реакција од страна на пратениците затоа што е 18,00 часот).

Знам дека е 18,00 часот, меѓутоа рековме дека ќе работиме подолго.

(Пак реакција од пратениците).

Молам, господин Спанаков процедурално.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, бидејќи вечерва во 19,00 часот е отворањето на Саемот на грчки фирми, повеќето од нас пратеници сме поканети таму, а гледам дека веќе работиме 7 часа непрекинато, освен со една мала пауза, мислам дека би требало некаде барем до 18,30 или 18,45 часот да ја прекинеме седницата и да дадете продолжение за ден кога вие ќе сметате дека треба да го направиме тоа.

Ви благодарам на вниманието.

(Пак реакција од пратениците да се прекине седницата).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако вака по малку тераме, многу долго ќе не држи, многу денови ќе треба, да знаете.

Да ислушаме барем уште еден.

(Пак реакција од страна на пратениците).

Добро, тогаш ќе прекинеме, меѓутоа, утре немаме седница, во сабота во 11,00 часот. Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 18,15 часот).